**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Единаесеттото продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 октомври 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,46 минути.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Продолжуваме со работа по 56-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Хади Незири, Љубчо Георгиевски, Фијат Цановски, Радмила Шекеринска, Лазар Китановски, Владо Бучковски, Бесим Догани, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Блерим Беџети, Али Ахмети, Фазли Велију, Фазли Велиу, Абдуладҳи Вејсели, Рафис Алити, Агрон Буџаку и Данаел Донечев, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по амандманот на член 12 и за додавање три нови ставови 2, 3 и 4, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Сега да видиме пратениците кои се на дисплејот кои се за реплика, а кои за збор.

Господине Павле трајанов вие сте за реплика. Господин Тале Герамитчиоски за дискусија, госпоѓа Весна Бендевска за дискусија.

Повелете господине Трајанов.

Да ве прашам на кого реплицирате?

**Павле Трајанов:** Реплицирам на пратеникот Игор Ивановски.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, репликата често пати нема смисла до колку веднаш по дискусијата не биде искажана, меѓутоа бидејќи подолго време пратеникот Игор Ивановски настапува на начин што се служи со говорот на омраза и тогаш кога дискутира и тогаш кога дофрлува од место во пратеничките клупи, но и во ходниците, сакам да укажам дека тој начин на дискусија со постојано делење на етикети на сите пратеници што не се од СДСМ или не се од неговите коалициони партнери, мислам дека после тоа отвара непродуктивна расправа. Јас сакам да му укажам дека треба да води сметка за нивото на расправата. Таа расправа треба да биде парламентарна расправа и да расправа за суштината што е на дневен ред, а не да дели етикети на пратениците.

Мислам дека долго време ние како парламентарно мнозинство што сме некаде околу 70-тина пратеници, се воздржуваме од дискусии, од реплики, со единствена цел Парламентот да работи поефикасно и да се носат законите. Меѓутоа, мислам дека таквата дефанзивна политика во голема мера се злоупотребува и од пратеникот Игор Ивановски, но и од други пратеници. Јас сакам да му укажам дека ако продолжи така, еден ден кога ќе се сврти ќе види дека ќе остане сам на оваа страна, затоа што ЛДП веќе најави дека настапува самостојно, значи не се веќе дел од нивната коалиција, потоа ДУИ подолго време самата инсистира да биде дел од власта, пратеникот Есад Рахиќ ја напушти неговата партија, за два три дена од партијата на СДСМ ќе излезат уште неколку пратеници, така што му советувам, сепак кога дискутира да се држи до дневниот ред, да дискутира за суштинските проблеми, да се разменуваат аргументи, а не да се лепат етикети, да се девалвираат пратениците и т.н. Еве тао беше моето укажување и мојата реплика на пратеникот Игор Ивановски. Се андевам дека во иднина ќе настапува како пратеник, а не и понатаму само со плукање, со викање, со создавање омраза внатре.

**Љубиш Георгиевски:** Благодарам.

Процедурално за збор се јави господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, мојата процедурална интервенција е да се почитува Деловникот и репликата да се однесува на нешто што е дообјаснување на дискусијата што ја имал пратеникот Игор Ивановски, а не да се делат лекции тука од пратеници кон други пратеници. Мислам дека не ни време ни место, секој што има некој став да не смее да го каже тука во Парламентот, а за тоа пак да биде критикуван од некого и лично да му се обраќа на пратеник за тоа како настапува и што прави, дали дофрлува, или како се однесува по ходниците. Затоа попувањето и загриженоста на пратеникот Павле Трајанов за пратениците од СДСМ и што ќе се случи со СДСМ, не е место ниту тема. Нека свика Прес конференција, можеби ќе дојде повеќе од еден новинар, па таму нека си ги каже своите работи.

**Љубиш Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе,

Почитуван заменик министре, почитувани пратеници, бидејќи имавме одреден прекин во работата на Собранието.

Дозвоелте да потсетам за што всушност се однесува овој амандман.

Пратеничката група на СДСМ смета дека е клучен амандман за подобрување на текстот на Предлогот на законот за јавни набавки. Значи, се однесува на Бирото за јавни набавки односно неговиот статус.

Предлагаме да се додадат три нови става.

Значи, под 2) Бирото за јавни набавки е државен орган кој е самостоен во својата работа и има

својство на правно лице. Значи да се одвои и правно од Министерството за финансии.

Бирото за јавни набавки има стручна служба. Вработените во стручната служба имаат статус на државни службеници, согласно Законот за државни службеници. Значи вработените да добијат одреден заштитен статус на државни службеници во кој компетентно и професионално ќе ја извршуваат својата работа без странични притисоци, сигурни дека ги штитат позитивните норми на законското решение за државните службеници, во кој е предвидено на кој начин ќе се оценува нивната работа, ќе бидат унапредувани, или ќе бидат симнувани за скалила подолу, без политички и партиски реваншизам.

Третата одредба, Бирото за јавни набавки се финансира од Буџетот на Република Македонија. Бирото да добие фианнсиска самостојност со сопствен буџет каде ќе можат да ги планираат сопствените средства.

Дозволете да образложам, од некои сопствени искуства, што мене ми сметало во работата на Бирото за јавни набавки.

Кога почна да функционира Законот за јавни набавки, имаше доста аномалии во поглед на покривање на законските обврски од страна на министерствата во поглед на дефинирање на јавните повици, согласно Законот за јавни набавки или тендерските постапки не беа целосно до крај или комплетно, ниту спроведувани ниту почитувани, ниту навремено распишувани, а уште повеќе постапувано според нив. Значи не зборувам само во овој случај од самото функционирање на Законот за јавни набавки.

Разбирливо е, бидејќи стручните служби или администрацијата која треба да биде столбот во формирање на потребната документација за правилно дефинирање на јавниот повик за јавни набавки, не секогаш навремено и стручно одговара на задачите, сепак од субјективни и објективни околности, но факт е дека тендерите кои после усогласувањето со позитивните европски прописи дека трајат 52 дена, или тие 6 дена по скратена постапка, предизвикуваат големи потешкотии кај министерствата и другите јавни претпријатија кои мораат да го спроведуваат, по закон, овој дел и тоа поради неправилното постапување по тендерската постапка и можноста за второстепена жалба пред второстепена владина комисија која често пати ги поништуваше одлуките од одговорното лице кое ја донесуваше завршната одлука, кој ќе ја добие јавната набавка. Притоа, притисоците и нервозите од страна на одговорните лица, заради овие работи, се свалуваат на Бирото за јавни набавки. Постоеле притисоци и верувам дека тие притисоци уште повеќе постојат. Не мора, ниту очекувам да ми го негирате тоа, јас знам дека тоа постои, бидејќи при фториот ребаланс на Буџетот видовме дека ниту 30% реализацијата на капиталните инвестиции, или другите трошоци кои ги имаат во буџетските средства по одредени ставки министерствата, не може да ги исполнат. Тоа е несоборлив индикатор дека нешто не е во ред. Притоа не мислам дека одговорноста е на Бирото за јавни набавки. Одговорноста е на правните субјекти кои ја спроведуваат тендерската постапка. Да не кажам тежок збор, но неспособноста е евидентна. Затоа, тие многу често прибегнуваат и политички, кон притисок на Бирото за јавни набавки, на директорот на Бирото за јавни набавки, на другите служби, во кои по едни или по други основи, почнувајќи од највисоките хиерархиски, па по долна линија, се врши притисок најчесто да се прибегне кон скратената постапка од 36 дена, или да се изврши притисок за прогласување на тендерот за неуспешен за да може да се пристапи, или разбивање на неколку потставки во кои не мора да се распише јавен повик, туку со непосредно договарање или понуда од три страни, да може да се спроведе постапка. Законот за јавни набавки, јас верувам дека заменик минситерот, бидејќи тоа му е фах, зошто беше прецизно дефинирано постапка од 52 дена, да мора правните субјекти уште на почетокот правилно да си ги планираат своите активности за цела фискална година. Значи, јас читајќи го Законот и тогаш и сега, очекувам дека министерствата сега веќе треба да имаат пристапено кон изготвување на плановите и проектите за фискалната 2008 година, да можат правилно да ги дефинираат во владините програми, бидејќи често пати ние пратениците не можеме да ги прочитаме потставките на кој начин средствата ќе бидат трошени, што е разбирливо, бидејќи тоа е цел или на владина програма, или на соодветна динамика која министерствата ја доставуваат до Министерството за финансии за квартално трошење на одредени средства.

Бидејќи видовме дека за 2007 година ни 30% од средствата не се искористени, лично ме интересира и навистина ќе биде многу интересно и весело кога ќе расправаме за Буџетот за 2008 година, како тие исти министерства за истите проекти кои ги предложиле во 2007 година, а не ги реализирале, ќе ги пријават истите во 2008 година и пак ќе се доведеме до иста ситуација, или министерот или заменик министерот за финансии да седи тука и нема да биде во можност да одговара на прашањата за нивната работа, што е разбирливо, бидејќи не е одговорен за тоа. Нивната неспособност не може да ја покрие со никаков друг чин освен со молчење. Ние овде ќе стануваме, ќе зборуваме, ќе кажуваме примери, ќе кажуваме како одредени ставки по 20 милиони денари се кинат, бидејќи за капитални инвестиции или клучни проекти не биле потрошени и клучот во јавните набавки, или во начинот на читање и имплементација на Законот за јавни набавки. Затоа амандманот од СДСМ да го сватите навистина добронамерно, кој сака да помогне. Значи, еве, ние сме воочиле во наше време дека не функционираат одредени поставености на Бирото за јавни набавки и дека е потребна поголема самостојност на тоа тело од кадровски аспект, од раководен аспект, од финансиски аспект, да може да располага со средства од Буџетот и да нема директен притисок или

мешање, барем од Министерството за финансии чиј орган е во моментот.

Работите ќе се влошат, админситративниот апарат со нивната компетентност и стручност е тој кој е. Само погледнете го последниот извештај од 2006 година, пред промена на владите, во кој реномирана странска компанија, странска консултантска фирма изврши анализа на стручноста и копмпетентноста на државниот апарат чии плати ги зголемивме сега. Ќе видите дека не може да се очекува подобрување во делот на имплементација на Законот за јавни набавки, планирање на буџетските средства, создавање на динамика, дефинирање на тендерот во кој прецизно ќе бидат и правно издржани сите точки на јавниот повик без двосмисленост и без можност другите субјекти кои учествувале на тендерот, а не добиле, да го обжалуваат тоа. Значи, да се намали процентот на обжалување и уште повеќе да се стесни просторот за манипулација од страна на оној што го врши изборот.

Најновите афери по политичка основа ние како опозиција ги покренуваме, се поврзани со тендерот. Со имплементација за јавните набавки. Дали за земјиштето зад Рамстор, дали за земјиштето во центарот на Плоштадот “Македонија”, дали за јавните набавки на мазутот за ОКТА, очигледно е дека нешто не функционира. Ние сметаме дека ова тело треба да се издвои слично како регулаторните тела по другите проблематики и области од делот на енергетиката, од делот на јавниот радиодифузен сервис, од делот на поштенските услуги, секаде каде треба да се регулираат цените. Значи, како што имаат улога на независно регулаторно тело истата компетентност и независност да ја има и Бирото за јавни набавки.

Намерата е добронамерна, мнозинството во себе го има клучот дали тоа ќе го прифати или не. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Со цел ризик дека повторно можеби ќе го вознемирам претставникот на Владата односно заменикот министер за финансии, ќе се обидам да го поедноставам основното прашање за кое дебатираме речиси три дена, а на кој никако да добиеме одговор кој се однесува на понудениот амандман.

Намерата за поднесување на овој амандман единствено да се обезбеди независност во регулацијата на системот на јавни набавки во Република Македонија во Бирото за јавни набавки.

Неприфаќањето, господине заменик министер, на овој амандман имплицира на спротивното. Вие не сакате во овој закон Бирото за јавни набавки да има независна регулациона функција, односно вие сакате работата на Бирото за јавни набавки директно да биде контролирана од министерот за финансии односно од извршната власт.

Прашањето е зошто оваа Влада не сака да обезбеди независност на Бирото за јавни набавки? Веднаш ќе потсетам на предизборните ветувања што ги даваше ВМРО-ДПМНЕ како носител на владината коалиција во врска со доброто владеење и борбата против корупцијата.

Во нивната програма пишува борбата против корупцијата ќе се води на две нивоа. Првото и најзначајно ќе биде преку изградба на стандарди и преку подигнување на институционалниот капацитет на администрацијата. Токму тоа го бара нашиот понуден амандман. Зајакнување на капацитетот на институцијата Биро за јавни набавки. Да не заборавиме преку Бирото за јавни набавки ќе се прелеваат 200 милиони евра пари на граѓаните на Република Македонија. Зошто сте против тоа Бирото да биде институција независна од Владата односно да може на тој начин да ги спроведува, согласно новиот Закон, своите надлежности дадени во членот 14. Основна надлежност на Бирото е да врши регулација, да врши контрола како се трошат средствата на граѓаните преку јавните набавки.

Обидот да се одземе независноста на сите институции што до сега во време на владеењето на Владата предводена од СДСМ да биде одземена продолжува токму и во овој закон.

Она што го говореа моите колеги претходно дека националната стратегија за приближување на македонското законодавство кон европското законодавство значи токму тоа, обезбедување на капацитет на институциите на системот независно од извршната односно од политичката власт.

Бидејќи станува збор за општонародни пари, со кое право практично во новиот закон си обезбедувате во овој случај надредена и приоритетна функција вие како Влада, вие како претставник на Владата во системот на распределба и трошење на народните пари. Е, токму од таму се создава реална можност за коректиивно однесување на сите нивоа во органите на државната управа. Не може да се пропагира остра борба против корупција, а пред нас да го нудите ваквиот закон. Да велите дека парите ќе ги следи Бирото за јавни набавки чиј директор ќе го поставува Владата на предлог на министерот за финансии, што веднаш имплицира, до колку станува збор за некоја независна личност, експертска која нема да дозволи нерегуларно трошење на парите, та значи во вас е силата веднаш да го смените.

За да не биде тоа така амандманот е мошне логичен, амандманот е навистина конструктивен, го подобрува текстот на законот.

Бидејќи гледам еве го на дисплејот одговорот на заменик министерот од кој најискрено не очекував да добијам одговор, но се надевав дека три дена не потрошивме залудно, граѓаните разбираат дека и овој пат Владата, помогната од моите колеги од владеачкото мнозинство, ќе донесе

закон и ќе си обезбеди сосема независен начин на трошење на парите на граѓаните. Тоа ќе

биде ваша одговорност не само на Владата и на господинот Груевски, туку и на вас почитувани колеги од владеачкото мнозинство. Скандалозно е неприфаќањето на овој закон. Не оддалечува и од европските перспективи и крајно не оддалечува од нашата намера навистина да се демократизираме воопшто како јавност, како свест, во крајна линија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе,

Со оглед на тоа што очигледно привршуваме со расправата по овој амандман, имајќи ја во предвид расправата што ја имавме претходниот работен ден, да го повикам заменик министерот, бидејќи на неколку наврати не обвини дека немаме конкретни прашања, а на нашите конкретни прашања избегнуваше да одговори, да го овикам сега на крајот на расправата по овој амандман уште еднаш конкретно да одговори на прашањето зошто на Владата на Република Македонија, зошто на господинот Груевски, на ВМРО-ДПМНЕ и на коалиционите партнери не им оди во прилог независност на Бирото за јавни набавки и какви импликации и какви пораки со тоа Владата на Република Македонија сака да прати до домашната, меѓутоа и до меѓународната јавност. Дали тоа значи дека Владата на Република Македонија не сака да има независно тело кое ќе врши контрола на јавните набавки, дали со тоа признава сомнителност на сите досегашни јавни набавки кои се спроведени, имајќи ги во предвид неколкуте крупни афери кои само за една година произлегоа од оваа Влада во име на ТЕЦ Неготино, на земјиштето кај Рамстор, и тн., да не ги набројувам, завршувајќи до најмалите јавни набавки во сферата на здравството, меѓутоа, и во други сфери и дали е тоа политиката што оваа Влада, де факто, ќе ја води во нејзиниот мандат. Наспроти параванот кој го прави со кампањите за борба против корупцијата и организираниот криминал. Дали со ова Владата признава дека практично единствениот на кој ќе му се овозможи организиран криминал и корупција е точно владината структура, министрите во Владата, нејзините избрани функционери, а за сите други, без разлика на поводта, без разлика на сериозноста на причините ќе спроведува спектакуларни апсења кои подоцна ќе произлезат дека во судска процедура практично немаат никаква завршница заради тоа што на таков начин Владата само си обезбедува приказ за борба против корупцијата за да го оттргне вниманието на домашната јавност од криминалот што таа го прави.

Очекувам конкретен одговор од заменик министерот, се разбира, до колку го знае, бидејќи се испостави, пак ќе повторам, на неколку наврати дека, за жал, заменик министерот не е информиран за одредени решенија во законите за кои тој е претатавник во ова Собрание, меѓутоа, во интерес на јавноста сакам уште еднаш да поставам конкретни прашања со тоа да го обезличам обидот на заменик министерот да даде други квалификации на нашите излагања и не само на заменик министерот, туку и на владеачкото мнозинство кое, за жал, не ги прифаќа нашите предлози, туку нашите предлози ги припишува и ги предлага како свои, а потоа не обвинува дека немаме никакви придонеси во донесувањето на закони, во смисла на добри решенија кои ќе го подобрат текстот.

Значи, во интерес на јавноста, ние поднесуваме амандмани, поднесуваме Предлог-закони кои вие претседателе меѓу другото не дозволувате да дојдат на дневен ред да ги дискутираме, а подоцна од истото парламентарно мнозинство сме обвинети дека воопшто не придонесуваме и не поднесуваме конкструктивни предлози во ова Собрание. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците кои не се моментално во салата да влезат во салата и да ги заземат своите места.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

(Нема доволно).

Ги молам пратениците кои не влегле во салата да влезат во салата затоа што наскоро преминуваме на гласање.

Ги молам службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници сега, во овој момент,

(Службите ги пребројуваат пратениците).

(Пак нема доволен број).

(Минуваат минути на чекање).

Ги молам пратениците кои не влегле во салата да влезат во салата, наскоро ќе гласаме.

Ги молам пратениците да влезат во салата ќе започнеме гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, за гласале 5, воздржано нема, против 54.

Ги молам службите уште еднаш да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

Гласањето е валидно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за менување на став 2, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Збро има претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Амандман не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандман не се прифаќа.

Збор има господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван заменик министре, почитувани претставници за Бирото за јавни набавки.

Ова е уште еден амандман, со кој што се предлага да се зајакне независноста на Бирото за јавни набавки, поточно на директорот на Бирото за јавни набавки. Со амандманот предлагаме директорот на Бирото за јавни набавки по пат на јавен оглас да го именува и разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Комисијата за прашања на избори и именување.

Сметаме дека со ваквиот начин на избор на директорот на Бирото за јавни набавки во значителна мера ќе се зајакне неговата позиција во поглед на самостојноста и независноста во работата, бидејќи сега го именува Владата на Република Македонија и е директно под контрола на министерот за финансии. И, на другите тела, како што е Советот за радиодифузија и на Агенцијата за електронски комуникации директорите на овие институции се бираат на ист начин како што се предлага да се избере и директорот на Бирото за јавни набавки.

Претходно, доста време се потроши во дебата и расправа зошто е битно и неопходно Бирото за јавни набавки да биде што понезависно од работата на Владата. Главната поента беше дека не може оној орган кој што ги троши парите на граѓаните на Република Македонија, во случајот Владата на Република Македонија, да ја има и контролата врз Бирото за јавни набавки како тело кое што треба да ги контролира тие трошења преку постапките за јавни набавки. Сметаме дека колку е понезависно Бирото за јавни набавки, толку ќе биде поголема контролата при јавните набавки, а исто така ќе се отстранат поголеми делови од сомнежите за злоупотреба на јавните набавки, злоупотреба на парите на граѓаните. Сега, како што стои работат и како што предлага Владата во оваа ситуација, не само што Бирото за јавни набавки останува во пододредена положба под Министерството за финансии, туку се одземаат и дел од неговите надлежности, кои беа еден контролен механизам. Информациите од досегашниот начин на спроведување на постапките за јавни набавки не не охрабруваат и не ни даваат право да се надеваме дека јавните набавки ќе се изведуваат на начин на кој што ќе нема злоупотреби.

Од сите прибрани информации до нас, факт е дека и сега во делот на постапките на јавни набавки има значајни злоупотреби, да не кажеме недомаќинско и незаконско трошење на парите на граѓаните на Република Македонија. Дури и Владата во два наврати потроши пари без да го почитува системот за јавни набавки, а тоа беше при осигурувањето на електраните на Македонија, а исто така и при набавка на мазутот на ТЕЦ Неготино.

Жал ми е што парламентарното мнозинство нема слух или не сака да ги слуша нашите аргументи зошто е значајно и директорот и Бирото за јавни набавки да бидат што понезависни во нивната работа и на тој начин ќе се острани голем дел од сомневањата што постојат сега. Навистина, не ми е сфатливо зошто не можеме да отвориме расправа и сето тоа да биде со аргументи или одбрането или потврдено Предлогот на Владата. Дури и самото гласање по амандманот покажа дека сите колеги од парламентарното мнозинство гласаа против амандманот, што значи сакаат на некој начин да продолжи досегашниот начин на изведување на јавните набавки, се со цел да се фаворизираат одредени партиски фирми на кој што ќе може да и се даваат тендери како против услуга за она што го направиле за нивната партија.

Сметам дека е добар моментот кога се носи нов закон за јавни набавки да ставиме една брана, еден пресек на досегашниот начин на водење на јавните набавки, не со ваков полиберален закон за јавни набавки, туку напротив со едно Биро за јавни набавки, со еден директор, кои што ќе бидат многу посамостојни и понезависни од нивната работа, како би можеле најголем дел од злоупотребите да ги спречат и да нема сомневање дека 200 милиони пари на граѓаните на Република Македонија, дел од нив незаконски се трошат.

Апелирам до колегите од мнозинството навистина да не сослушаат и да го подржат амандманот, во голем дел ќе помогнат овој закон да биде и по применлив, а и во пракса кога ќе се спроведуваат јавните набавки, оние што ќе ги спроведуваат да бидат многу поодговорни и да не размислуваат да вршат злоупотреба на парите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам почитувани присутни.

Амандманот кој го поднесовме со колегите е на некој начин поврзан со претходниот амандман за кој овој собраниски состав се изјасни негативно. Имено, за овој амандман се предвидува директорот за Бирото за јавни набавки го именува по пат на јавен конкурс и го разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Јас не би сакала да ги повторувам истите тези и факти кој ги кажа колегата Марјанчо Николов пред мене, еден од предлагачите на овој амандман, меѓутоа навистина ми е многу жал што во оваа дебата воопшто не се отвори ниту еден од владеачкото мнозинство не се јави за дискусија и да каже зошто треба да биде директорот на Бирото за јавни набавки зависен, зошто треба директорот на Бирото за јавни набавки да биде во склоп со Министерството за финансии и да го именува Владата. Како што слушнавме во

претходните дискусии по претходниот амандман и претставникот на Владата се изјаснуваше дека во најголем дел од соседните држави, од државите на Европската унија, Бирото за јавни набавки, вклучително и директорот, се независни институции, дека нив ги бира Собранието не Владата, меѓутоа кај нас во Република Македонија и со овој закон ќе продолжиме политиката да се меша во јавните набавки, ќе оставаме можност политиката да решава, кој тендер на кого се даде, владеачката партија да решава како ќе се трошат народните пари. Поле за корупција оставаме многу големо, оставаме на чесност на владеачката партија да ги води јавните набавки, а како ги води, гледаме. Всушност, оваа година и два три месеци какви се не се случија злоупотреби во јавните набавки.

Поради тоа и во Европската комисија во извештајот кој следува за Македонија, најверојатно ќе каже дека борбата со корупцијата се прави селективно, од она што досега можевме да слушнеме во изјавите на нивните челници, дека се прави по партиска основа, а со овој закон, посебно со овие два амандмани, претходниот и овој, оставаме голема можност народните пари да се трошат по политичка основа, што значи оставаме големо поле за корупција. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави госпоѓа Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Очекував и овој амандман, како и другите поднесени од страна на пратеничката група на СДСМ, да не биде прифатен. Веројатно и овој амандман не ви оди во прилог, на владеачкото мнозинство, па затоа едногласно само со еден збор беше одбиен од страна на заменик министерот за финансии.

Мислам дека е чесно да проговори зошто не е прифатен амандманот, барем со два три збора да даде образложени. Се прифаќа, зошто се прифаќа или не се прифаќа, поради кои причини не се прифаќа.

Не сакам да се повторувам со зборовите на колегата Марјанчо, почитуваната колешка Верица, бидејќи и јас сум еден од поднесувачите на овој амандман. Да не се повторуваме, ние едноставно со овој амандман во членот 13 став 2 бараме да се менува и да гласи "директорот на Бирото за јавни набавки го именува по пат на јавен конкурс и го разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата". Мислам дека толку прецизно и толку во прилог на Предлог текстот на законот, даваме убав предлог, убава забелешка. Со тоа сметаме дека и Бирото ќе биде независна институција, бидејќи се работи за пари на граѓаните, ќе имаме поголема контрола врз јавните набавки, нема да се прават злоупотреби, законот ќе биде поприменлив и ќе бидеме сите почисти пред очите на граѓаните. Зошто не се прифаќа овој амандман, кој навистина допринесува во Предлог текстот на законот, јас дури не можам да поверувам. Директорот да биде избран од Собранието е најдоброто решение што го нудиме. А зошто директорот да го именува Владата? Владата одговорот треба да го даде заменик министерот. Каде е демократијата, каде е транспарентноста, тука е веќе сомнежот за трошење на парите на граѓаните, злоупотреба. Тука се тие нечисти и матни зделки што можат да произлезат. Затоа и ги замолувам почитуваните колеги пратеници од мнозинството, секој по сопствено убедување бидејќи сме избрани од народот, да му служиме на овој народ кој ги дал гласовите за нас. Дајте да предложиме нешто во што и тие нема да се сомневаат, а нема сомнеж да постои и кај нас да се шушка овде во ходниците едно, а овде сосема друго се зборува. Знам дека е многу тешко во туѓо убедување некој да гласа, меѓутоа, еднаш да служиме и да бидеме во служба на народот, а не само своите сопстени интереси да ги гледаме.

Со ова би постигнале поголем ефект во вршење на контролата на јавните набавки, злоупотребата ќе ја нема, законот ќе биде поприменлив, ќе има поголема транспарентност и законот штом ќе биде поприменлив, тогаш ќе биде поприфатлив и од страна на сите граѓани, бидејќи ќе служи за нив, а нема да служи за партиски интереси.

Ги замолувам уште еднаш макар што не треба да ги замолувам, народот ги замолил да работат за доброто на овој народ што ги избрал, па ќе покажат колку имаат доблест да помогнат на народот, бидејки се работи за пари од граѓаните и да се изгласа овој амандман.

Љубиша Георгиевски: Има збор госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам претседателе. Се покажува дека во однос на текстот на законот за јавни набавки имаме концептуални разлики кои во голема мера ќе влијаат во натамошната работа на државните институции кога станува збор за сферата на јавните набавки. За разлика од нашите ставови кои се јасни во однос на потребата да се редефинира улогата на Бирото за јавни набавки кој досега е во состав на Министерството за финансии и чиј што директор за својата работа одговара пред министерот за финансии, пред Владата, бидјеки е именуван од Владата. Нашиот став е заради јакнење на независната позиција на Бирото за јавни набавки оваа институција да се редефинира на поинаков начин, што значи јакнење на нејзината самостојност и одговорност пред Собранието на Република Македонија. За прашањата поврзани со Бирото за јавни набавки имавме можност да дискутираме кога расправавме и по однос на текстот на другите предложени амандмани и тоа бидејки е така во оваа процедура што ја имаме во Парламентот, амандманите едни со други се поврзани. Јасно ни е нам кога еден амандман претставникот на Владата категорично ќе го одбие без да даде

образложение кои се причините, дека од тоа понатаму произлегува и нерпифаќање на други аманмдани поврзани во циклус. Меѓутоа, тоа не смее да не замолчи да ги кажеме своите аргументи и своите ставови во однос на целиот концепт што го предлагаме, бидјеки колегите од СДСМ што како пратеници се потписници на овие амандмани и ние останатите што ги подржуваме со сите амандмани имаат изградено еден концепт кој се разликува од тој што ни го предлага Владата. Јас навистина се запрашувам, а тука е и претставникот од Министерството за финансии, не знам дали е заменик министерот присутен. Кои се причините што воопшто при изготвувањето на овој закон не се тргнало од оние проблеми што во примената на законот за јавни набавки се јавуваат во пракса. Зошто само формално се оди на прифаќање на директиви и препораки што мораме како земја кандидат да ги прифатиме, а сето останато каде што има можност за интервенција од страна на институциите во Република Македонија да не се прават измени, или да се прават измени на начин што ќе овозможи поголема партизација и влијание на Владата и министерствата во постапката за јавни набавки, односно самостојност, целосна самостојнсот на одговорните во органите на државна управа при одлучувањето за јавни набавки. Која е причината навистина не гледам причина зошто Бирото за јавни набавки во иднина ќе нема надлежностикако што имаше досега. Директорот, исто така нема да им аникакви надлежности, бидјеки кога отпаѓаат надлежностите на самиот орган, паѓаат и неговите надлежности во однос на давање согласност,оценување на потребата од итност во одредени постапки и т.н. Мислам дека навистина зад сето ова се кријат други причини. Како што и досега зборував една е заложбата за евроинтеграција која што Владата ја гледа само како гола форма, а најчесто сама ги задржува, или ги развлекува овие процеси со финализирањето во Парлаемнтот, односно со нефинализирање во Парламентот, а наспроти тоа ја обвинува опозицијата. Ние сме овде навистина конструктивни во своите предлози, заинтересирани сме за процесот за евроинтеграција и настојуваме покрај тоа што ни е обврска како Република Македонија да ги прифатиме директивите што еве навистина се дадени во прилог на текстот на законот на огромен број страници, бидјеки навистина оваа материја е многу обемна во рамките на Европската унија. Зошто да се држиме само до тие обврски? Мислам дека нашата свест и нашата совест треба да биде повеќе од таа формалност, прифаќање на она што нужно мораме да го направиме. Треба надвор од тие рамки да направиме и нешто повеќе заради нашите, заради сопствените интереси, заради подобро функционирање на институциите, заради поголема законитост, заради поголема одговорност, заради јакнење на антикорупциските мерки. Но, што се случува во пракса? Се наоѓаат изговори дека сето ова е во функција на јакнење на антикоруптивноста, а всушност се намалува и одговорноста и законитоста во постапувањето, односно законитоста сега со овој закон ќе се озакони она што според постојниот Закон претставува незаконско работење. Значи, со други зборови, д абидам појасна, наместо да одиме напред кон јакнење на законитоста и одговорноста, ние сега тој процес го девалвираме и се враќаме назад. Тоа навистина ни укажува дека се кријат многу други мотиви. А прифаќањето на овој амандман кој предвидува директорот на Бирото за јавни набавки да биде именуван по пат на јавен конкурс во Собранието на Република Македонија, оваа институција и функционирањето на Бирото за јавни набавки ќе го крене на едно поинакво ниво. Иако ќе бидам искрена, без надлежностите, сепак тоа нема да биде доволно, бидејќи целиот пакет доколку беше прифатен заедно со надлежности на Бирото за јавни набавки е сосема нешто поинаку, ја создава целата слика што според мене е правилна слика и за надлежностите и за тоа како треба да функционира и Бирото за јавни набавки, но и како треба да постапуваат државните органи кога ги трошат државните пари. Но, гледам навистина нема заинтерсираност од страна на мнозинството, ниту барем да ме сослуша во изнесувањето на своите аргументи, а не пак да гласа. Останува нивната лична одговорност како пратеници за тоа дали ќе подржат одредени предлози што се доби, или не. Иако досегашното искуство ни покажува дека тие исклучиво внимаваат на своите партиски активности, партиски цели и директиви што ќе добиваат од Владата, па дури и кога изнесуваме јасни аргументи за подршка на одредени амандмани чувствуваат дека нема потреба да ги слушаат како што, еве сега во моментов се соочуваме во салава. Дури не знам дали она што јас го дискутирам претседателе од говорница на микрофон успева некој да го слушне од вревата што е во салата.

Благодарам претседателе што еве, повторно ме слушате, бидејки споменав, има прилично врева во салата од дискусии, па и вашето внимание беше намалено. Навистина во ваква атмосфера која што најчесто зависи од тој што претседава, меѓутоа и од останатите колеги, човек и нема инспирација да дискутира без оглед на суштината на проблемот за кој што разговараме. Јас овде ќе завршам секако на крај со апел да се подржи амандманот, иако од она што се случуваше изминатите денови во однос на текстот на овој закон и предложените амандмани се сомневам дека нашите аргументи некој ги слуша.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците кои не се во салата, да влезат во салата, наскоро ќе гласаме.

Бидејки многу пратеници треба да бидат на ворчопот што се одвива во Кристалната сала од

13,00 до 15,00 часот, предлагам да се спои таа пауза со паузата за ручек. Значи ќе продолжиме во 15,00 часот.

(Пауза од 13,06 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата ќе пристапиме кон гласање.

На дисплејот се појави господинот Салиу. Претпоставувам вие сте за процедурално.

Повелете, три минути процедурално господинот Шабан Салиу.

**Шабан Салиу:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани останати присутни тука во салата.

Сакам да изјавам од денес престанува моето членство во партијата Сојуз на Ромите и досегашната работа како пратеник во партијата Сојуз на Ромите. Преминувам во нова политичка партија, Демократски сили на Ромите, партија која беше во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ за време на парламентарните избори.

Сакам да изјавам дека во иднина ќе ги бранам интересите, програмско статутарните определби на партијата Демократски сили на Ромите во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ и останатите политички партии во оваа заеднничка коалиција. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** За тоа треба и писмено да го информирате претседателот на Собранието на Република Македонија. Претпоставувам тоа ќе го направите, за да има и пишан документ. Тоа е сепак ваша одлука. Тука ние не можеме ништо да влијаеме.

Повторно ги замолувам колегите пратеници да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам колегите да седнат на своите места, а службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Уште еднаш ги молам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да го утврдимо точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник во салата, гласале 52, за гласале 4, воздржан 1, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 1 за менување на алинеја 14, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, би го замолил заменикот министер да даде, ако сака, кратко образложение зошто не го прифати овој амандман и уште еднаш би апелирал и за наредните амандмани да даде кратко образложение зошто не се прифаќаат овие амандмани.

Овој амандман не предизвикува никаква суштинска промена во Законот за јавни набавки. Едноставно со амандманот се бара Бирото за јавни набавки да поднесува годишен статистички извештај до Собранието на Република Македонија и ништо повеќе. Значи ниту тоа претставникот на Владата не сака да го прифати, обичен извештај кој Бирото секоја година го издава, да дојде на Собранието и да се расправа по него. Навистина, би го замолил заменикот министер да каже зошто Владата не го прифаќа овој амандман. Ако со претходните амандмани се предизвикуваше суштинска промена во законот, тогаш со овој амандман не се предизвикува ништо суштински, туку едноставно Собранието ќе го добие извештајот за спроведување на јавните набавки во претходната година и за истиот ќе може да расправа, ќе се направи една поголема транспарентност по однос на извршените јавни набавки, пратениците ќе имаат поголема контрола бидејќи по Уставот треба да ја контролираат Владата и навистина не гледам причина зошто амандманот не се прифаќа. Тоа е уште еден доказ дека Владата не сака за јавните набавки да се расправа јавно, не сака независно биро за јавни набавки, туку очекува и понатаму системот за јавни набавки да функционира како до сега, дури уште полиберлен, како би можело на свои партиски фирми да им доделува јавни тендери за набавка и на тој начин да им враќа за помошта што им ја дале.

Уште еднаш апелирам до заменик министерот да даде основно објаснување зошто не го прифати овој амандман, ништо повеќе. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Има збор пратеник господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодаранм потпретседателе.

Се јавив за збор само да потенцирам, да му кажам на парламентарното мнозинство дека пред себе имаат уште еден типичен амандман кој опозицијата го доставува до мнозинството, со што се обидубва со петни жили на Собранието на Република Македонија да му го врати дигнитетот и надлежностите кои по Устав му припаѓаат.

По илјадити пат се поставува прашањето сме или не сме контрола на извршната власт, ја избираме или не ја избираме ние извршната власт. Треба ли извршната власт да даде отчет за својата работа пред овој законодавен дом, или не треба. Значи и ова е еден од редицата амандмани како и претходниот закон во кој ништо страшно не се случува. Опозицијата предлага Бирото за јавни набавки да поднесува годишен статистички

извештај. Дури нема ни коментари или анализи како тоа ја вршело својата работа, туку статистички да даде еден преглед за Собранието да има увид во работењето на Владата. Имаме ли ние право. Значи се поставува едно логично прашање. Ако Собранието не може да обезбеди транспарентност во работењето на министерствата и Владата, како тогаш јавноста ќе биде запознаена со сите овие активности. Владата декларативно ли се залага за транспарентност, или еднаш ние како собраниски дом ќе пресечеме и ќе се обидеме да го вратиме она што по надлежност ни припаѓа. Не знам како поинаку да објаснам и не знам зошто секогаш се користи онаа...

Ве молам потпретседателе да обезбедите ред воп салата.

**Иван Анастасовски:** Јас не сакав да ве прекинувам.

Ве молам колеги д се сослушаме. Ако некој има навистина толку гитен разговор може тоа и надвор од сала да го направи.

Продолжете колега.

**Тале Герамитчиоски:** Барем да седнат на своите места пратениците. Ве молам вие сте за да направите ред во Собранието.

**Иван Анастасовски:** Не можам колега да им наредам да седнат. Јас ги повикав да обезбедиме ред заедно. Не можам јас да наредам на некој да седне на своето место, а ги замолив, ако некој навистина има битен разговор, може тоа да го направи надвор од салата. Продолжете.

**Тале Герамитчиоски:** Навистина не ми беше намерата да правам опструкција. Навистина тоа е сериозно и жал ми е што колегите пратеници не се обидуваат ни да не сослушаат кога даваме некое образложение. Нека го прочитаат амандманот, нека видат, барем еден да слушнам во реплика, што е страшно во овој амандман ако Собранието побара годишен статистички извештај од Бирото за јавни набавки. Барем од еден да слушнам контра аргументи што е страшно во ова и зошто не треба да биде тоа реализирано. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Има збор пратеник Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Да бидам искрена ни малку ниту во еден момент не очекував дека претставникот на Владата ќе го прифати овој амандман, затоа што во пракса многу малку амандмани се прифаќаат од страна на пратениците од опозицијата. Но сакам да дадам подршка на амандманот токму поради тоа што се однесува на едно прашање кое што би требало да биде во сферата на интересот односно да биде приоритетно за пратниците без разлика од која партија доаѓаат.

Токму поради тоа, се надевам дека со мојата дискусија и дискусијата на колегите што гледам дека се пријавени на дисплејот ќе успееме да ги убедиме почитуваните колеги пратеници од парламентарното мнозинство да дадат подршка на овој амандман, затоа што ова е еден можеби многу мал чекор, но сепак чекор да почнеме да го враќаме дигнитетот на Собранието. Ако во ниту еден закон не сакаме Собранието да биде тоа, да донесеме одредба со која што Собранието ќе биде тоа кое што ќе врши контрола на работата на Владата, што всушност е и уставна категорија. Не воведуваме нешто ново. Не сака Собранието да воведе некои мерки кои што се надвор од Уставот. Земете го почитувани колеги Уставот и ќе видите кое е местото во целокупниот политички систем во државата на Собранието. Навистина мене ми е јасна тенденцијата на Владата од секој аспект, да ја омаловажи и деградира работата на Парламентот, се со една единствена цел таа да може да го гради и уште повисоко да го дига својот рејтинг, укажувајќи на тоа дека тие се единствени кои работат во државата, дека само Владата мисли за доброто на народот, а резултатите ќе ги видиме има време, веќе почнаа да се наѕираат, а Собранието е тоа кое што е кочничар на реформите и Собранието е тоа кое што не и овозможува на многу успешната Влада да ги спроведе реформите.

Почитувани колеги, ако не сакате да гласате за еден ваков амандман кој што апсолутно ни најмалку нема да и наштети ниту на Владата, ниту на Бирото затоа што, уште еднаш заради јавноста ќе кажам, што бараа пратениците од опозицијата потписници на овој амандман. Бараат во членот 14 каде што се опишани работите што ги врши Бирото, покрај другите тука имаме еден многу голем број на ингеренции кои што ги има, вели: дека поднесува годишен статистички извештај до Собранието на Република Македонија. Што има страшно ако Собранието како највисок законодавен дом го погледа овој извештај. Не значи дека Собранието ќе ги преземе ингеренциите на судската власт, па ако има нешто ќе суди, осудува и пресудува, едноставно мислам дека пратениците се должни да бидат запознати и да ги следат работите кои се случуваат и во другите институции на државата. Како ќе можеме да ги следиме во нивната работа? Преку медиумите? Преку што? Или ќе го користиме Законот за слободен пристап до информациите, доколку можеме да го користиме, имам сознание дека не баш многу се имплементира и да одиме од институција до институција па да бараме извештај за нивното работење.

Мислам дека почитувани колеги, апсолутно е несериозно да го одбиете овој амандман. Со што ние ќе се заложиме за враќање на дигнитетот на Собранието? Дигнитетот на Собранието не се враќа со тоа како ќе се однесуваме во Собранието, туку да му ги вратиме ингеренциите кои, според Уставот, ги има, му следуваат.

Пред некој ден кога исто така се бараше при носењето на Законот за издавање на вредносни бонови, ваучери, да има извештај да се доставува

до Парламентот каде ќе можеме да видиме како оди имплементацијата на овој закон и како таа ќе се спроведува во пракса, иста реакција од страна на Владата, се одбива без размислување барањето од пратениците да можат да добиваат извештај за имплементација на тој Закон. Ова е втор случај во многу кратко време. Ако се вратиме година дена station наназад ќе видиме дека било каде, во кој и да е закон со амандманска интервенција Собранието да добива извештај наместо Владата или покрај Владата и Собранието да добива извештај од одредена институција, повторно од страна на Владата не се прифаќа, пратениците кој слуша, кој не слуша, дискусиите едноставно по инерција го притискаат копчето против за амандман кој доаѓа од опозицијата и од ден на ден рејтингот, не само што рејтингот, можеби во овој момент не е толку важен и клучен рејтингот на Собранието, туку Собранието ја губи својата суштина на делување. За што ние ќе бидеме овде, да не ги следиме законите, да не дебатираме, да не приложуваме амандмани по кои ќе се дебатира, пратениците од парламентарното мнозинство да дојдат без да ги прочитаат законите, без да обрнат внимание што носат, само да го стегнат копчето за и законот да биде изгласан. Не се работи така, почитувани колеги, ако ништо друго ќе ве сретнат граѓаните оние што ви ја дале довербата, кои ве избрале и ќе ве прашаат за одреден закон. Што ќе им кажете? Точно е дека не можеме да ги знаеме сите закони, но од прилика треба да знаеме кои закони сме ги донеле и кои се суштинските измени што ги имаат тие закони.

Вака, да не се прифати еден амандман кој во никој случај ниту нешто ја менува суштината на законот. Овде се говореше која е интенцијата на одредени  членови за да се даде простор за можни малверзации во сферата на јавните набавки, една многу чувствителна сфера која во голема мера влијае  на корупцијата во Република Македонија, ајде тоа и да разберам да не го изгласате затоа што Владата наумила да си оствари простор каде ќе може да прави одредени малверзации. Јас не сакам да излегувам од контекст и да се враќам на одредени случаи што и во овој момент ни се случуваат во Република Македонија само со една единствена цел мојата дискусија ја сфатите правилно, дека ова не е дискусија која ќе излезе од рамките на поднесениот амандман само со една единстена цел да се укажува на многу неправилности на законот, туку единствено, конкретно кон ова, дајте, пратеници сме, гласајте за, не е ништо страшно ако Бирото поднесе годишен статистички извештај до Собранието. Не можам, навистина, колку и да сакам да ве разберам што би било страшно ако Бирото за јавни набавки поднесе извештај. Треба да знаеме, го носиме Закон за јавните набавки, го има знаменцето на Европската унија, треба да го хармонизираме. Ние сме тие кои треба да знаеме што се случува понатаму преку еден извештај. Ништо повеќе. Кому би му штетело, што би имала штета Владата ако Бирото за јавни набавки до Собранието достави статистички извештај навистина не гледам каква би била штетата. Ниту Владата ниту парламентарното мнозинство ќе имаат штета доколку го изгласаат овој амандман, ниту овде ќе има некакви политички негативни или позитивни поени за одредена парламентарна група, без разлика дали е тоа од парламентарното мнозинство или опозицијата.

Токму поради ова, почитувани колеги, оние што ја слушавте мојата дискусија, се надевам дека ќе сфатите дека мораме да му ги враќаме полека своите ингеренции на Собранието и преку носењето на закони и дека сме ние тие што ќе мораме да ја следиме работата, без разлика дали сме дел од парламентарното мнозинство или опозиција на институциите во државата, меѓу другото во овој конкретен случај и на Бирото за јавни набавки.

Ќе можеме да ја следиме само доколку имаме извештај и знаеме што работело во изминатата година или во идната година Бирото за јавни набавки. Покажете добра волја и гласајте за затоа што, како што кажав, нема за ова да добиете забелешка од министерот Трајко Славески, ниту од заменикот министер. Не е ништо страшно, не е ништо што ќе ја наруши политиката на Владата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор господинот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата,

Сакам да дадам подршка на амандманот кој е поднесен од моите колеги, меѓутоа, и во претходните денови за претходниот амандман многу малку имавме објаснувања...

(Галама во салата)

**Иван Анастасовски:** Колеги ве молам да се сослушаме.

Продолжете колега.

**Влатко Серафимов:** Имавме многу малку објаснувања од страна на предлагачот зошто дел од амандманите не се прифаќаат или сметам дека е многу поверодостојно дека ниту Владата ги има разгледувано овие амандмани ниту сакала да ги прочита амандманите кои доаѓаат од страна на опозицијата.

Наиме, ние се залагавме за едно Биро за јавни набавки кое ќе биде стручно и професионално во кое луѓето кои ќе бидат вработени во Бирото за јавни набавки ќе бидат државни службеници и сето тоа ќе придонесе за едно порационално работење на Бирото за јавни набавки.

Меѓутоа, Владата сака да си стави капа над се, па дури и над Бирото за јавни набавки. Се би било во ред ...

**Иван Анастасовски:** Колеги, ако може да се сослушаме, нема потреба од разговори меѓу вас.

Продолжете.

**Влатко Серафимов:** Се би било во ред доколку овие амандмани во кои ќе се стави во функција Собранието на Република Македонија ниту Владата, ниту има расположение од страна на пратениците да се земат под ингеренции уште една обврска да го разгледуваме статистичкиот извештај за активности на Бирото за јавни набавки во Собранието на Република Македонија.

Ова ми дава за право кај мене да се јави уште поголем сомнеж во работата на Бирото за јавни набавки бидејќи тие ќе поднесуваат извештај, како што е дадено во законот, до Владата на Република Македонија. Како може еден орган кој го именува Владата односно директор ќе бира Владата, во кој луѓето ќе бидат вработени и ќе даваат отчет на органот кој го бира, а Собранието без никакви ингеренции да седи на страна од сите овие активности.

Сметам дека ова не е во ред од многу причини.

Првата причина, нема да се измени ништо во работењето на Бирото за јавни набавки. Владата пак ќе ја има контролата, Владата пак ќе раководи со Бирото за јавни набавки. Меѓутоа, што е причината да поднесува, да немаме годишен извештај поднесен до Собранието на Република Македонија. Зошто по тој извештај да не расправаме во овој законодавен дом. Ако е причината таа пратениците да бидат изолирани од работата на Бирото за јавни набавки, сметам дека ќе се најдат многу начини да се дојде до тие годишни извештаи. Имаме инструменти, имаме начини на кој да ги побараме тие извештаи да бидат достапни до пратениците.

Меѓутоа, дали овој амандман, имаше прашања и од претходните дискутанти, ќе смени нешто суштинско во работењето на Бирото за јавни набавки. Сметам дека нема никаква суштинска промена во функционирањето. Ако таков извештај се подготвува до Владата на Република Македонија зошто тогаш да немаме ист ваков извештај и ние пратениците во овој законодавен дом. Дали е тоа причината или уште повеќе сакате да направите една дистанца помеѓу Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија. Па, Владата на Република Македонија по сите закони треба да дава отчет на овој законодавен дом. А фактички ние сме доведени до една друга состојба во која што Собранието дава отчет на Владата за неговото работење. Сметам дека и колегите од позицијата не се согласуваат со вакviот начин на работењето и затоа дигнитетот на ова Собрание е толку низок.

Затоа предлагам и од страна на претставниците на Владата да ни одговорат барем зошто не се прифаќа амандманот и дали нешто суштински ќе промени во работењето на Бирото или суштински ќе измени во овој Предлог на закон за јавни набавки.

Имаше многу прашања од страна на колегите, меѓутоа, очигледно никој не сака да одговори на поставените прашања. Ако тоа не сака да го направи предлагачот на овој закон, тогаш пратениците од позицијата нека го прочитаат амандманот и нека заклучат дали нешто суштински ќе промени или нема да промени овој амандман. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Има збор госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Благодарам потпретседателе,

Должност на пратениците во Република Македонија е да ги извршуваат сите оние надлежности што ги имаат, согласно Уставот и согласно законите, а надлежностите на Собранието се дефинирани во Уставот на Република Македонија и оттука произлегуваат обврските што понатаму треба да се разработат во законски текстови.

Во Уставот стои дека Собранието на Република Македонија врши политичка контрола и надзор над Владата и на другите носители на јавни функции што се одговорни пред Собранието. Тоа е обврска на Собранието да врши политичка контрола и надзор над Владата. Во моментот зборуваме за Закон за јавните набавки, закон кој ја дефинира постапката на трошење на буџетските средства.

Јас ви поставувам прашање вам колеги од мнозинството иако сте многу малку присутни во салата, како вие сметате дека може да се остварува политичка контрола и надзор над Владата, а за едно вакво суштинско прашање како што се буџетските средства, сметате дека нема потреба, воопшто Владата да има некакава одговорност кон Собранието.

Ако Буџетот на Република Македонија се носи овде во Собранието, сметам дека како пратеници и претставници на законодавниот дом, дел од законодавниот дом сме и ние како пратеници, имаме рпаво да ја следиме состојбата што значи следење на трошоците на финансиските средства од страна на државните органи, Владата и другите институции што се во состав на Владата. Навистина сум свесна за тоа што Владата го прави во изминатиов период. Имаме уставни надлежности на Собранието, меѓутоа од законите чие што носење се предлага, донесување се предлага од страна на Владата до Парламентот, од ден на ден забележувам едека дел од тие надлежности се одземаат со законски прописи. Што од една страна не е уставно, но има други институции што го следат тој процес. Ова гокажувам само какоопомена и до пратениците, да знаат за што гласаат, кога гласаат, а секако и до пратениците, претставниците на Владата да внимаваат кога предлагаат измени и дополнувања на закони и кога предлагаат донесување на нови законски текстови. Затоа што не може со закони на Собранието да му се одземаат надлежностите што ги има.

Тоа од минатата година почна Владата да го прави помалку или повеќе срамежливо, за во текот на целата година да бидеме соочени, навистина, со многу измени на закони што не

доведоа во една таква ситуација да има и колизија меѓу самите законски прописи. Заради тоа што тој закон што Владата го нуди како сопствено решение, за да задоволи некоја своја потреба, не е во согласност со претходно донесените закони од страна на претходните апрламенти. Што, секако, се дел од позитивното право во Република Македонија и за што Владат аима обврска да внимава.

Навистина би сакал да ве запрашам, колеги од мнозинството, како можете да им објасните на граѓаните на Република Македонија дека ќе се грижите за нив, бидејки ние сме народни избраници, граѓаните гласале за нас, а не можете да ги остварувате оние функции што ги има органот каде што вие партиципирате со својата работа. Како можете тогаш да се грижите за граѓаните. Или, вам ви е битна исклучиво директивата што ја добивате од партијата. Тоа го гледаме секојдневно, меѓутоа мислам дека е крајно време, не е ниту 5 до 12, туку многу повеќе, има време овој Парламент и овој состав, уште барем од својот мандат, да ги надмине овие работи. И, имате можност вие да влијаете врз дигнитетот на Парламентот. Факт е тоа дека мнозинството влијае, почнувајки од дневниот ред, начинот на работа, сите други прашања овде што се случуваат влијаат во работата на Парламентот.

Ние правиме заложби да помогнеме во тој процес. Нависитна, со своите дискусии внимаваме да бидеме во рамките на она што како пратеници е наша обврска и наше право. Меѓутоа, до колку нема слух од мнозинството, тогаш нашите заложби паѓаат во вода. Тоа ќе им го објасниме на нашите гласачи кои гласале за нас. Меѓутоа, тука е битен интересот на државата во селина.

Не може законодавниот дом, наместо на контролор, наместо улога на контролор да има постојано или да биде постојано во улога на контролиран. Ако Парламентот не може да врши контрола и надзор над Владата, тогаш еве, да поставиме рпашање, како тогаш функционираат другите прописи кои на граѓаните им овозможуваат да добијат некои информации од Владата.

Ако Владата се плаши со овој амандман да овозможи Собранието да има статистички податоци во однос на јавните набавки, затоа што со амандманот се предлага Бирото за јавни набавки, да доставува извештај со статистички податоци до Собранието, тогаш не знам како се остваруваат другите прописи, како што е Законот за пристап до инфорамции од јавен карактер, каде граѓаните можат да побараат некоја информација од Владата. Ако Собранието, чие што право за контрола и надзор, дефинирано во Уставот, не може да ги остварува овие права, тогаш како може граѓаните на Република Македонија да ги остваруваат овие права што им се нудат во многу други, еве во еден од законите што ги спомнав, за пристап до информации од јавен карактер и другите закони што им овозможуваат пристап до разни информации. Тогаш нема д ане зачудува податокот што има забелешки во примената на овој закон. И, на редица други закони. И, зошто е спора бирократијата.

Но, ме чуди само тоа што Владата, наспроти она што го прави овде, секојдневно, во јавноста успева да прикаже сосема други состојби или да ја преврти реалноста. Од една страна вели дека ќе биде, барем ветуваше дека ќе биде траспарентна Влада, меѓутоа сега, според неприфаќањето на овој амандман за каква транспарента Влада станува збор? Ако таа не сака да биде транспарентна пред Собранието, зарем ќе биде транспарентна пред пошироката макеоднска јавност, пред граѓаните?!. Е, тоа, навистина не можам да го поверувам.

А, како Парламент имаме право да ги знаеме овие податоци, заради тоа што спомнав, во Парлаемнтот се носи Буџетот на Република Македонија. Важно е да се следи овој процес за да не се соочуваме со ситуации, како што еве беше годинава и сеуште е, трае, да имаме толку низок процент на спроведени јавни набавки за капитални инвестиции. Од најразлични причини, но најмногу од партиски причини поврзани со партиите на власт, затоа што или во тие постапки не е најдобар понудувач некој член на ВМРО-ДПМНЕ или на некоја од  другите партии, па постапките ги почнуваат од почеток, или пак во еден дел од државните органи, затоа што сите тие кои со години работеле на одредена проблематика се пикнати некаде по ќошиња по министерствата, разрешени, деградирани, некои избркани од работа, за да дојдат на нивните мест апочетници, инаку партиски членови, припадници на партиите на власта и да ја водат оваа псотапка. Е, така не се прави. Ниту реформа во јавната администрација, не се води ниту транспарентност на Владата, ниту пак се покажува однос кон Собранието, како орган кој врши надзор над работата на Владата. Но, за жал, ние, со оваа Влада, се соочуваме токму со ваков начин на работа.

И на крајот, почитувани колеги, колегите од мнозинството имате можност да покажете колку сакате да ги остварувате функциите што ни ги дозволува Уставот, за да имате оправдување пред своите гласачи да кажете дека можете, борејќи се за своите права, да се борите и за нивните. Во спротивно, ќе се потврди тоа за што говорев. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика пратеник господин Петревски Зоран, повелете.

**Зоран Петревски:** Почитувана колешке, вие сте најкласичен пример, можеби, од сите овие дискусии што денеска ги слуШам еод колегите, за тоа како може да се зборува 10-15 па и повеќе минути и да не се каже ниту еден единствен збор за амандманот и за она што е на дневен ред.

Како вие, так аи останатите колеги, цел ден овде ни зборувате дека ни не сме ги читале законите, не сме ги гледале амандманите, не знаеме што

правиме, за што гласаме и т.н. Верувајте, ве убедувам дека не е така.

Престанете да манипулирате со јавноста. Ако ние доаѓаме овде и не се согласуваме со тоа што вие не убедувате да го нарпавиме, тоа не значи дека не знаеме што правиме. Привилегијата да се освојат едни избори и да се води држава, да се победи на тие избори, да се состави Влада, да се има мнозинство во Парламент, се освојув ана избори. Таа привилегија значи да се води одредена политика. Ние водиме наша, сопствена политика што ниту малку не мора да се согласите со неа. Тука сте да ни укажете дека со одредени прашања не се согласувате. Но, не можете да не убедите да ја водиме вашата политика. Ние победивме на избори да спроведуваме наша сопствена политика, а не ваша. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минут аконтра реплика пратеник госпоѓа Младеновска Ѓорѓиевска Мери, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам што конечно, еве после толку време и колегата Зоран се јави за дискусија, инспириран од она што го кажував, бидејки најчесто молчи по однос на текстовите што ги поднесува Владата. Па, вели дека не е точно дека не ги читале законите.

Тоа е нивно право, право е на пратениците да ги кажат своите забелешки, меѓутоа да спомнам дека јас во својата дискусија не го кажав токму тоа за да биде тој испровоциран ова да го каже. Највероватно, под импресија на други дискусии зборува или под импресија на сето она што се случуваше минатата година, што пак не упатува на еден поинаков заклучок.

Имаат право пратениците во Парламентот да дискутираат и да ги изнесуваат своите аргументи. Меѓутоа, ќе биде многу подобро колега Петрески до колку, ако не се согласувате со нашите аргументи, тоа ни го соопштите и ако ни кажете зошто не се согласувате. Но, вие постојано молчите.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник господин Спасовски Оливер, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници, господин заменик министер,

Ова е втор амандман по кој што учествувам во расправата по однос на Законот за јавни набавки, заради тоа што нависитна сметав дека ова решение што е понудено како амандман е најбенигното решение за Владата, во смисла на тоа што се говореше во делот на транспарентноста, во постапките за јавни набавки. Очекував дека барем на ваков начин ќе покажат малку политички сенс за тоа што значи собраниска контрола и остварување на таа функција што е дадена на Собранието со Уставот.

Меѓутоа, за жал, се потврдува уште еднаш дека оваа Влада има намера уште повеќе да воспоставува сопствен начин на влијание врз парламентарната власт, како највисок законодавен дом и претставнички орган на граѓаните во Република Македонија. Тоа ќе оди понатаму. Тешко дека ќе може да се спречи заради тоа што таквата политика што ја нуди Владата, гледам и од сите дискусии дек аима широка подршка овде во парламентарното мнозинство, без разлика дали како еден од приоритетите, но само декларативно е независноста и транспарентноста на одредни органи во Република Македонија што ќе придонесат за подобрување на работата во одредени сегменти, за што иамме најниски оценки, за што истакнуваме дека имаме проблеми посебно во делот на јавните набавки во Република Македонија, каде што ги гледаме најголемите коруптивни скандали што биле постојано во изминатиот период.

Заради тоа, јас не пледирам дека ќе успеам да ги убедам пратениците од парламентарното мнозинство, макар и еднаш да изнесат спостевно мислење спротивно на ставот на Владата,не пледирав дека ќе направат нешто што е во функција на зајакнување на политиката што беше истакната во Програмта на ВМРО-ДПМНЕ, туку напротив знам и цврсто сум убеден дека слепо ќе подржуваат било каква политика или било какво законско решение што ќе го предложи Владата на чело со Груевски.

Меѓутоа, сакам да ги искажам сопствените аргументи, пред се заради граѓаните на Република Македонија и заради она што ни се случува во Република Македонија во овој период или ќе се случува понатаму. Заради тоа што, ако одредени аргументи што ги има при донесување на одредени законски решенија ги премолчиме, тогаш не ни се дава за право да искоментираме потоа дека можеме на таков начин, односно власта може да прави грешки, да злоупотребува одредени одредби ит.н.

Реков дека е ова вториот амандман. Првиот беше кога се говореше Бирота за јавни набавки да биде државен орган самостоен со што ќе се зајакне независноста на ова тело и во таа смисла ќе зајакне и самиот начин на водење на овие постапки при јавните набавки, а сега, овој амандман поднесен од пратениците на СДС е да на некој начин ја зајакнеме транспарентноста вопостапките на јавни набавки, само со тоа што ќе биде задолжено Бирото за јавни набавки да поднесува годишен и тоа статистички извештај до Собранието на Република Македонија за функционирањето на системот на јавни набавки.

Зошто сметам дека ова решение беше од најбенигните решенија што ќе укажеше на тоа дека има сенс да се прифати едно решение што ќе овозможи поголема транспарентност, пред се во законодавниот дом, задолжен за политичка контрола над Владата на Република Македонија.

Меѓутоа, неприфаќањето на овој амандман од страна на Владата, неприфаќањето од парламентарното мнозинство укажува на нешто друго, на тоа што ни се случува во овој период, на

голем број на објави на јавни тендери во Република Македонија и голем број на постапки што беа спроведени во јавните набавки, ќе се оцена тили негативно или притоа ќе се открие некоја поголема афера. Впрочем, самиот начин на неприфаќање на ваквиот амандман да има одреден извештај, укажува, дека можеби, некој од страна на Владата се плаши да доставува вакви извештаи до Собранието на Република Македонија. Заради тоа што, ако навистина водиме сметка за тоа како и на кој начин ќе ги водиме овие постапки, ако нема ништо лошо во тие постапки, тогашне гледам ни причина зошто Бирото за јавни набавки да не може да достави еден таков извештај до Собранието на Република Македонија.

Впрочем, иако се залагавме да го направиме независен државен орган, сепак не се прифати тоа решение. Тој орган останува во состав на Министерството за финансии и уште повеќе мислам дека ќе се зајакне она што ни се случи со склучување на голем број непосредни спогодби. Пак уште еднаш морам да напомнам дека тоа се случи за сите јавни набавки или скоро сите што беа направени за Самиот на НАТО. Од 13 јавни набавки, 11 со непосредни спогодби.

Можеби има аргументи зошто е тоа така, меѓутоа ако со една ваква одредба во законски проект се вметне и го задолжиме Бирото за јавни набавки да таквите аргументи задолжително преку изведување на статистички податоци во еден извештај што ќе го достави до Собранието, тогаш прво самото донесување на таков извештај ќе значи дека ништо лошо не се случува во тие јавни набавки, туку напротив ќе се изразат аргументите врз основа на кој е донесена таква одлука да се склучат 11 непосредни спогодби.

Во ваков случај јас искрено стравувам дека главната намера на овој закон, односно на оваа Влада за донесување на ваквиот закон, ќе биде да направиме што е можно повеќе одредби кои што ќе бидат предмет на злоупотреба, одредби кои што ќе овозможуваат да се работи на некаков поинаков начин, за кој што секогаш ќе барате оправдување до толку повеќе што и не гледа Владата потреба, ниту парламентарното мнозинство, да се достави барем статистички извештај за овие псотапки.

Отука, мислам дека е јасна позицијата и се друго што ппонатаму би се говорело, ќе нема н иту сврха, доволно позитивна енергија во смисла на подобрување на овој текст на законот, заради тоа што слепото следење на таквите аргументи што ги нуди Владата пред Собранието не е политика што ќе не доведе во прогрес во овој сегмент. Не е политика што ќе даде резултати во оние сегменти каде иамме назадување или негативни, дури и криминогени поени. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Филипова Верица, повелете.

**Верица Филипова:** Почитувани присутни, кога ги пишувавме амандманите на Законот за јавни набавки јас бев убедена дека овој амандман Владата ќе го прифати. Бев убедена, бидејќи во членот 14, во делот каде се кажува дека Бирото ги врши следните работи, како обврска на Бирото е ставена и “прибира, обработува и анализира податоците за јавни набавки и подготвува статистички извештај”. А, додека при описот на статистичките извештаи, во ставот 1, алинеја 7 се вели дека прави само инфорамција односно број и вредност на склучени договори. Значи не се пишуваат поименично во извештајот странките со кои се склучени договорите или кои учествувале на тендерот за јавна набавка.

Пота, во алинеја 2 вели - категоризација на договорите по видови на спроведени постапки. Значи, само категоризација по видови на спроведени постапки, по предмет на договорот и по земјата каде е седиштето на носителот на набавката. Повторно, сумарен извештај.

Во алинејата 3 вели: Број и вредност на склученит договори и условите предвидени со овој закон, кои го оправдуваат изборот на постапката, со преговарање, со и без претходно објавување на оглас.

Ако ме следите внимателно, ќе заклучите дека во Предлогот на законот кој ни го доставува Владата, самата се оградува од статистички извештаи, поединечно, поименични на Бирото за јавни набавки. Според тоа, сметавме дека ваквите статистички извештаи ќе може да ги добие и Собранието на Република Македонија, збирните статистички извештаи во кои ќе се кажува вкупен број на јавни набавки, со претходно објавување на оглас, без претходно објавување на оглас по земја, предмет на договор, но ме чуди, што и ваков извештај не сака Владата да достави до Собранието. Уште повеќе ме чуди реакцијата на ценетиот пратеник Зоран, кој мислам дека го нема прочитано амандманот и членот за кој се однесува амандманот и реагираше дека не сме ние овде да ги дополнуваме законските решенија кои ги предлага до Собранието Владата на Република Македонија.

Како што кажа некој пред мене, ова е најбенигниот амандман. Ова би бил најбенигниот извештај за нашата Влада, кој се заснива на три независни власти, законодавната, извршната и судската власт. Ако сме ние законодавна власт, чија уставна категорија и со Устав регулирано право е да ја следиме работата на извршната власт, тогаш зошто да не можеме да добиеме збирен статистички извештај за набавките во претходната година, не ми е воопшто јасно.

Во име на гласачите кои не гласале нас како СДСМ, во име на над 200 илјади гласачи, имаме обврска да ги читаме законите кои ни ги доставува Владата, критички да ги анализираме член по член и да пишуваме амандмани, обидувајќи се да го подобриме законското решение. Зошто? Затоа што тој закон ќе биде за територијата на целата држава, на сите гласачи. Нема да важи само законот на гласачите кои гласале за владеачкото мнозинство, па ние да

дигнеме раце и не не интересира законот и каков сакаат нека го донесат, тие се власт. Не, почитувани, наша обврска е да ги читаме и да ги следиме и да пробаме да ги подобриме тие законски решенија. А амандман како овој е токму тоа. Обид за подобрување на добиеното законско решение, за кое убедена сум дека во најголем дел од присутните во салата, ниту го прочитале, ниту следат за што се работи, а ќе гласаат онака како кажала Владата. Впрочем, не е ни чудно што весниците се преполни со наслови, Владата донесе Закон за поделба на ваучери на студентите, Владата донесе ваков закон, Владата донесе онаков закон. Не колеги, ние ги донесуваме законите. Меѓутоа, сами си ја предаваме нашата власт во рацете на Владата. За жал, сами си го намалуваме нашиот углед и нашиот дигнитет.

Би сакала, само уште нешто да го споредам овој амандман и законското право кое го бараме со овој амандман, со некој сличен закон, со Законот за државна ревизија во кој се вели во членот 24 став 2 дека Собранието, дека Државниот завод за ревизија, овластениот државен ревизор има обврска да доставува по еден примерок од конечниот извештај до Собранието на Република Македонија. Аналогно на ова баравме такви извештаи да бидат доставувани и од јавните набавки. И тоа баравме, повторно ќе повторам збирни извештаи, не поединечни. Меѓутоа, очигледно ниту збирен извештај ќе добиеме. Очигледно нашето Собрание ќе го усвои предложениот текст, ќе дадеме бланко поддршка, бланко карта на Владата и на нејзините министерства да набавуваат што и како сакаат и земајќи си било каква наша можност, не за контрола туку за следење на таквите набавки, било каков извештај да не успееме да добиеме.

Впрочем, преку Комисијата за економски прашања, чиј член сум и јас, до сега неколку пати се обидувавме да побараме извештај од Министерството за економија, по разни проблематики, по разни теми, меѓутоа до сега ниту еден таков извештај немаме добиено, со разно разни образложенија. Кога би било во законскиот текст на законот предвидено доставување на извештајот, тогаш не би можело Министерството соодветно, односно Владата да си поигрува со нас пратениците. Вака за жал, остануваме ние она што народот мисли за нас да сме само гласачка машинерија, притисни ги копчињата и друго ништо. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги замолувам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се моментално присутни во салата.

Ги замолувам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме на гласањето.

Би ги замолил уште еднаш службите, бидејќи влегоа поголем број на пратеници, да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Бидејќи во салата имаме 61 пратеник, ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 56 пратеници, за гласале 10, нема воздржани, 46 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 за менување на став 2 и за бришење на став 3, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам потпретседателе.

Ова е исто така еден член од Законот за јавни набавки кој што се однесува на услугите и онака како што е напишан во Предлогот за донесување на закон, навистина има многу нејаснотии и навистина е толку либерален што остава такви можности за злоупотреба, што навистина не мжеме да расправаме ако во најмала рака и заменикот на министерот не ни даде образложение што се мислело кога се предложил овој член во законот. Навистина е толку нејасен, толку контрадикторен, што треба некој да проба да ни објасни што мислеле кога го предложиле овој член. Значи се однесува на набавка на услуги. Притоа услугите се делат на две групи.

Првата група ги опфаќа услугите за одржување и поправа, услуги за патен и воздушен транспорт, услуги за истражување и развој, услуги за истражување на пазарот и истражување на јавното мислење, услуги за чистење на објекти и за управување со имот, осигурителни, банкарски, инвестициски, телекомуникациски, информатички, сметководствени, ревизорски, книговодствени, консултантски, архитектонски, инженерски, рекламни, издавачки, печатарски и санитарни услуги и

Втората група на услуги, за железнички и воден транспорт, услуги за привремено вработување, хотелски, угостителски, правни, истражни, образовни, здравствени, социјални, рекреативни, културни, спортски и други услуги кои не се опфатени со ставот 1 алинеја 1 на овој член.

За услугите од првата група е предвидено, до колку нивната проценета вредност е над 20 илјади евра, да се применуваат единствнео членот 33,34,35, 36 и 55 од овој закон.

Членовите од 33 до 36 се однесуваат на изработка на техничката документација и образложението за техничката спецификација што треба да се содржи во тендерската документација, како би можело полесно да се определи типот на услуги. И мислам дека овој дел од законот најмалку може да се однесува на услугите, бидејќи обично, техничките спецификации повеќе се применуваат при набавка на предмети или на работи.

Значи се остава повторно еден простор. Замислете во член 34 од постојниот Закон стои: Во случаитеод член 33 став 2, алинеја 1 од овој закон договорниот орган не смее да ја отфрли понудата ако стоките, услугите и работите не се во согласност со спецификациите на кои се однесува договорот, а понудувачот докаже дека понудата ги задоволува на соодветен начин барањата на договорниот орган. Ова практично значи дека вие ако барате нешто, ако некој дојде со понуда и ве убеди дека тоа што го барате не е тоа, туку го барате она што тој ви го нуди, не смеете да ја отфрлите понудата, бидејќи е во рамките на техничките спецификации.

Прво една нејасност при спроведувањето онака како што е напишан овој член од законот, а се работи за услуги над 20 илјади евра. И би замолил за едно толкување од заменикот министер за финансии, што значи се применуваат единствено овие членови за овие групи на услуги. Дали значи дека другите членови не се применуваат од законот при набавка на услуги над 20 илјади евра. Навистина не знам како да се тумачи овој член. А знаеме дека тука спаѓаат и рекламите и другите услуги за кои што Владата троши многу пари.

И повторно сега отвараме во законот за јавни набавки еден простор каде што без контрола на Бирото за јавни набавки, без контрола од Собранието се остава можност за значителни злоупотреби, додека, за втората група на услуги, значи до 20 илјади евра. Буџетските корисници ќе можат да решаваат без да распишат отворен или ограничен повик. Немате тендер. Само ќе барате понуди, ќе одберете понудувач со прибирање на понуди. Нема никаков тендер до 20 илјади евра и притоа имате само обврска да го известите Бирото за јавни набавки на секој шест месеци колку договори сте склучиле со со понудувачите по однос на ова. Навистина јас не знам како можеме да преминеме преку вакви членови во законот. На некого да му дадете до 20 илјади евра да решава без да распише јавен оглас, јавен тендер, не знам што е целта на овој закон. Дали да имаме јавни набавки кои што ќе овозможат транспарентни набавки, набавки каде што ќе нема крадење на пари на граѓаните, или е целта да им дадеме на буџетските корисници да си ги користат средствата до 20 илјади евра со три понуди. Три понуди знаеме како се збираат. Ќе го земете тој што сакате да му дадете тендер и други две формални негови блиски ќе поднесат колку да ја запазите формалноста. Немојте со вакви решенија во законот да внесувате можност за крадење на пари.

Ова е сериозна работа и вака не може ова да помине. Навистина е несфатливо што мислеле и упорно заменикот министер за финансии молчи и не сака да ни објасни што сакаат со овој член. Еве, колегата вели сакале да крадат. Ако е тоа целта, нека напишат, барем да знаеме. Навистина до 20 илјади евра со три понуди јас не знам како ќе помине овој закон. Со амандманот се предлага при набавка на услуги, без разика од која група се, доколку нивната вредност е над 3 илјади евра да се распишуваат тендери, отворен или ограничен повик. Тука можностите за злоупотреба се многу помали, бидејќи имате и јавно отворање на понуди и мора да имате критериуми, мора да ги почитувате правилата од законот. Навистина, колеги пратеници без разлика што не слушате, без разлика што упорно игнорирате наши амандмани, со вакви решенија во законот ниту ќе стасаме до Европската унија, ниту ова ќе биде европки закон, туку ова ќе биде закон со кој ќе се легализира крадењето на пари на граѓаните. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Јас очекував после 4 дена од прозивките кон Владата да се направи напор во духот на транспарентноста што наводно ја прокламира Владата, да го добиеме мислењето од Европската комисија за овој закон. За жал, еве неколку дена се обидуваме да стигнеме до мислењето, Владата да ни го презентира мислењето на Европската комисија за овој закон, но таков документ се уште немаме. Дали го гледале или не Комисијата за европски прашања веќе не треба ни да се поставува прашање, тоа стана Комисија која не ја врши својата функција во Собранието и така останува само на реториката меѓу Владата и СДСМ, дали навистина ова е дел од европските директиви или дали е ова само обид на Владата, како што неколку дена кажувам, да остави неколку капиџици преку кои, како што кажа и колегата Николов Марјанчо, само ќе се крадат парите од граѓаните.

Членот 17 и она што е општа констатација, што ја кажуваме постојано цело време, во овој закон е толку конфузно направен што не само во обидот да се преведат директивите, туку намерно да се направи една конфузија во која што никој не ќе може да се снајде освен генераторите на криминалот и корупцијата кои се наоѓаат во Владата и во државните институции. Членот 17 се однесува на предмет на договор за јавна набавка на услуги, претставува обезбедување на една или повеќе услуги и алинеата 2, ставот 2, на кој го приложуваме нашиот амандман, услугите се за телекомуникации информатички, осигурителни, банкарски, консултантски, книговодствени, ревизорски, рекламни, издавачки итн, или услуги за железнички и воден транспрт, услуги за

привремено вработување, хотелски, угостителски, правни, истражни итн. Практично како што вели во самата цртица 2 во ставот 1 “и други услуги кои не се опфатени со ставот 1 алинеа 1 на овој член”. Значи, се она што ќе го оценат дека е услуга, ќе може да го уфрлиме во овој член и за тоа за нашите лојални партиски квазиексперти ќе им исплатуваме по 19.999 евра, бидејќи законски тоа е можно. За да го поткрепи ова Владата, вели дека при доделувањето на договор за јавна набавка на услуги над 20 илјади евра се применуваат единствено членовите 33, 34, 35, 36 и 55 од овој закон. Ако ги погледнете овие членови, прво што ќе ви падне во очи е зошто и членот 32 не е ставен, бидејќи членот 33 продолжува природно како продолжение на членот 32 за изработка на тендерска документација, правила за изработка на тендерска документација. Членот 33 зборува за технички спецификации, членот 34 зборува за стандардите, членот 35 зборува за условите кои што треба тие луѓе да ги исполнат во делот на европските и националите еколошки ознаки, итн, или пак членот 55 е само известување за склучен договор на веб-страница доколку услугата е над 20 илјади евра. Значи апсолутно нема никаква поврзаност меѓу она што им се нуди како можност за трошење на парите на граѓаните со она што го пишува во членовите 33, 34, 35, 36 и 55 од овој закон. Или пак да го споредиме со членот 103 кој потоа е во продолжение за единствено водење евиденција во постапките со барање за прибирање на понуди. Или да одам понатаму, условите од став 1 на овој член поблиску ги пропишува Владата. И ова е доказ дека Бирото се трга на страна, очигледно Бирото ја заврши својата работа со гласањето во тендерската комисија за ТЕЦ “Неготино” и сега веќе не и треба на Владата. Неколку ингеренции што до сега ги имаше Бирото и се одземаат, а пак кога ќе дојдат претставниците од Европската комисија или кога на мешовитите ќе одиме во Брисел или во Клубот на пратениците, ќе го приложиме Акцискиот план за Европско партнерство во кој ќе кажеме односно ќе лажеме како Влада дека се залагаме за поголема моќ на Бирото за јавни набавки, а во секоја прилика им ги земаме ингеренциите. Така и во овој случај, Владата сама ќе си ги пропише условите, што е тоа долговор за јавна набавка на услуга и сама ќе си ги определи дали ќе бидат над или под 20 илјади евра. Затоа, амандманот предложен од моието колеги Николов, Филипова и Цветковска, зборува за една многу попрагматична бројка од 3 илјади евра, која се установи некако дека може да биде нешто што е за непосредна спогодба цена, значи ние ќе имаме амандман каде што и тие зголемувања од 3 на 5 нема да ги подржиме, но во овој случај бараме конзистентност, но во овој случај бараме конзистентност во целиот закон дека некоја непосредна спогодба до 3 илјади евра е понормална работа. Овде за услуги од информатички, од телекомуникациски или сметководствен карактер, Владата ќе почне да исплаќа по 19.999 евра без око да и трепне, а како одат работите сега со консултантите, не знам во кој правец тоа ќе се искористи и единстено што гледам е дека најмногу ќе се користи за рекламни и санитарни услуги и тука Владата очигледно има своја проекција како да се изрекламира и како санитарно да се обезбеди. Да биде папазјанијата поголема, во договор за јавна набавка чиј што основен предмет е обезбедување на услуги, а кој опфаќа и некои активности на градење, е договор за јавна набавка на услуги. Кога го читав овој закон, мислев дека е тој најконфузниот закон што е до сега дојден овде во Собранието, но во понеделник ќе бидеме сведоци на законот за електронска трговија кој што е најрудиментирано преведен до сега, преведена директива што ќе се најде на дневен ред во Собранието, но тоа е како што работи Владата, но без елементарно објаснување зошто Владата се решила за ваков потез ние не можеме и не сакаме да прифатиме само аминување на некој предлог што го дала Владата. Ако не ги слушаме сигналите од Брисел дека не само донесување, туку треба и квалитетен закон кој што ќе може со својата имплементација да се бори или ќе се бори за спречување на корупцијата, ништо не сме направиле. Можеме да донесеме и сто закони во еден ден, тоа нема да го подобри животот на граѓаните.

Неприфаќајќи го нашиот амандман, се отвора можност за било која услуга - значи да му посочам на парламентарното мнозинство - директорите кои нема да ја носат одговорноста, пратениците се најмногу на удар од парламентарното мнозинство, ќе им аминуваат еден сериозен финансиски капиџик на многу државни институции да можат да ги задоволуваат личните интереси. Мислам дека ниту ова го бара некој од нас, ниту ова е некоја европска директива, туку во целата таа мешаница како да оставиме или Владата како да си остави повеќе финансиски капиџици за корупција, ова е еден типичен член кој што најдобро го отсликува сето тоа.

Затоа, апелирам да се прифати амандманот на моите колеги и да се обидеме да го вратиме уставниот дигнитет на Собранието. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Процедурално, повелете три минути процедурално пратеник госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Мојата процедурална забелеше е во врска со членот 57 и членот 56 од Деловникот. Согласно член 57, во случај на спреченост или отсуство на претседателот на Собранието, него го заменува потпретседателот, односно токму она што вие во овој момент го правите. А штом го заменувате, да ве потсетам дека ги превземате и неговите обврски и надлежности.

Барам од вас, согласно алинеа 4, да се грижите за примената на Деловникот и барам од вас под итно да ја прекинете оваа седница со оглед на то што не се грижите за примена на членовите 216 и 217 од овој Деловник.

Членот 216 вели: Претставниците што Владата ги определила во Собранието и во работните тела учествуваат во работата на Собранието и ги изнесуваат ставовите на Владата. Повереницте што Владата ги испратила се должни да даваат известување и објаснувања за прашањата од дневен ред.

Три дена дебатираме околу еден многу сериозен законски проект, три дена барама и поставуваме прашање. Во овој случај, барам од вас: прекинете ја седницата и побарајте од претседателот на Владата да ни испрати претставник кој ќе може да ги одговори овие прашања и на кои ќе добиеме одговор, со оглед на тоа што ова е веќе разговор на глуви, изнесуваме аргументирани аргументи, зошто овие предложени амандмани заслужуваат да бидат дел од овој законски проект, односно имаме прашања што замислува Владата во предложениот закон, добиваме молк.

Ве молам, согласно вашите деловнички надлежности што ги имате да ја прекинете седницата и да побарате навистина претставник од Владата што или го има навистина прочитано законот и умее да ги брани ставовите на Владата или некој што повторно нема да ни го одзема нашето време и времето на работата на Собранието и кој ќе ги премолчува одговорите на сите релевантни прашања поставени од страна на опозицијата до претставникот на Владата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Колешке, за процедуралната интервенција немам намера да ја прекинам седницата. На насловната страница од материјалот стои кои се претставници на Владата, овде и сами го гледате претставникот на Владата, заменикот министер за финансии, тука се и двајцата повереници, така што од тој аспект апсолутно имаме легитимитет да работиме. Тие не учествуваат, но тука се, бидејќи вие ги спомнавте и нив ги спомнав. Значи немам намера од тој аспект да ја прекинам седницата. Претставникот на Владата го изнесе ставот на Владата дека не се прифаќа амандманот и тоа е исто така легитимно. Ваше право е да го повикувате, ако најде за сходно тој ќе одговори во текот на дебатата. Тоа е одговорот кој го баравте од мене.

Баравте повторно, повелете повторно три минути процедурално.

**Весна Бендевска:** Јас ќе ве молам да го протолкувате член 217 и член 216. Значи на конкретни поставени прашања што мислела Владата кога го предложила член 17 во Предлог законот за јавни набавки очекуваме конкретен и дециден одговор. Кажете ми вие, согласно член 218 сте должни како претставник на ова Собрание да ја контролирате и работата на Владата, кој ќе одговори на нашите прашања. Во интерес е да донесеме навистина закон кој ќе ја уреди оваа област и е мошне сериозна. Значи не можам да прифатам дека вашиот одговор е не мислите да ја прекинете седницата. Тогаш ќе ве прашам друго: што прават претставниците на Владата? Седат и молчат. Која е сврхата тогаш ова Собрание да работи? Сме се спремиле, сме го прочитале законот, мислиме дека има време и можност да се подобри. Што постигнуваме доколку претставникот на Владата молчи? Кој е тој што ќе ни одговори, или треба да чекаме седница да поставуваме пратенички прашања за да ги добиеме одговорите. Тоа е вашиот одговор? Тогаш потпретседателе навистина не ја заслужувате таа фотелја.

(Реакции)

Должни сте да се однесувате согласно овој Деловник.

**Иван Анастасовски:** Чекајте да ви одговорам, вие давате квалификации, чекајте да ви одговорам.

**Весна Бендевска:** Нема друго. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Кажете ја вашата процедурална забелешка, чекајте да одговорам. Продолжете. Завршивте? (Да)

Членот кажува дека Собранието врши политичка контрола. Јас не сум ниту претседател, ниту јас сум Собрание. Сите заедно сме Собрание на Република Македонија и вршиме надзор, контрола над извршната власт, така што од тој аспект ви реков дека немам намера да ја прекинам седницата и тоа беше мој дециден одговор, продолжуваме со работа. Дали ќе најде за сходно заменикот министер, односно претставникот на Владата во овој момент да одговори на одредени ваши дилеми и прашања тоа е негово право, јас не можам ниту да наредам, ниту да навлезам во тоа дали тој ќе одговори. А ова што вие го рековте - да, ќе дојде редот за пратенички прашања, поставете го сето тоа што го имате како дилма на таа седница и претпоставувам тогаш се обврзани да одговорат дали во писмена или во усмена форма.

Три минути процедурално пратеник господин Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам господине потпретседателе.

Вие велите, го толкувате Деловникот на што се повика госпоѓата Бендевска дека е право на претставниците на Владата дали ќе одговорат или нема да одговорат на прашањата од СДСМ, од опозицијата за Законот за јавните набавки. Јас би отишол чекор понатаму. Тоа не се обични прашања. Многу ќе биде покомотна ситуацијата на Владата да одговара на некои прашања ако на нас нешто не ни е јасно. Меѓутоа, не се работи за нејаснотии. СДСМ и опозицијата директно во оваа неколкудневна дебата за Законот за јавни набавки и по амандманите и по општата расправа, за тоа и јас говорев, ја обвинува оваа Влада дека со овој нејзин предлог на закон за јавни набавки се создаваат директни предуслови, можности, опасности од криминал, за злоупотреба на државните пари од страна на носителите на извршната власт при јавните набавки за договорите во четири очи.

**Иван Анастасовски:** Сега во што е процедурата?

**Борис Кондарко:** Процедруата е во следно, и нашата зачуденост, прашањето е: како во една ваква процедура во јавна дебата во Собранието на Република Македонија каде што Владата ја сноси одговорноста за решенијата што ги предлага во овој закон, а опозицијата секој ден обвинува за можен криминал, за опасности од криминал, од крадење на државни пари од страна на носителите на извршната власт. Како Владата молчи и не чувствува потреба да се спротистави на опозицијата и да биде така спокојна на такви обвинувања за криминал.

Дали молчењето значи, предавање, одобрување, прифаќање на обвинувањата. Јас се согласувам со вас дека е нивно право. Меѓутоа, каде е, чија е одговорноста. Овде не се работи за права, се работи, опозицијата повикува на одговорност. Затоа се нашите процедурални прозивки. Зошто не се вклучувате во дебата. Сеедно ви е ако опозицијата во Парламентот ви говори 5 дена за криминал, за можен криминал, а вие кога бевте опозиција токму со тоа ви беа полни устите, непосредни спогодби, во четири очи, секоја прес конференција, секоја изјава почнуваше и завршуваше со тоа. Што се смени во меѓувреме?

**Иван Анастасовски:** Јас само чувствувам за потреба во почетокот на  вашата процедурална забелешка да речам како ќе продолжиме понатаму, ако не одговара претставникот на Владата, како што работевме и досега. Значи, продолжуваме со исто темпо колега Кондарко.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодара. Би сакал уште еднаш да го повикам заменикот министер да ни објасни што Владата мислела кога го предложила членот 17 во Законот за јавни набавки, посебно делот каде што до 20 илјади евра ќе може секој буџетски корисник на услугите да одлучува само врз основа на три понуди. Дали не смета дека тоа е многу голем износ со кој што на некого му се дава право само со три понуди да реши кој ќе биде најдобриот понудувач. Бидејќи кажав и претходно, три понуди знаеме како се обезбедуваат во пракса. И тоа остава голема можност за злоупотреба на партите.

Исто така, би го замолил заменикот министер да ми објасни што значи дека за услугите од првата група над 20 илјади евра се применуваат единствено членовите 33, 34, 35, 36 и 55. Зошто единствено само тие членови се планираат да се почитуваат и дали другите членови важат за овие услуги. Ако заменикот министер и понатаму молчи, дали тоа значи дека нема аргументи за она што ние го кажавме и не може да го одбрани овој член од Законот. Навистина би сакал да слушнеме објаснување.

**Иван Анастасовски:** Колеги пратеници, после ваше инсистирање од десетина минути одредени аргументи ќе ви даде заменик министерот за финансии.

**Предраг Трпески:** Благодарам потпретседателе. Почитувани пратеници, ќе ви дадам некои објаснувања. Но, апелирам сите пратеници прво да си го прочитаат законот, да ги видад директивите и она што е приложено кон законот, па потоа да ме прашуваат. Ова е излишно прашување. Ова е само маркетинг. Во понеделникот кога сакав да дадам одговори, дури беа упатени навреди кон мене. Многу е лесно сега јас да почнам да навредувам, ама не би прифатил некој да ме навредува, а јас да давам одговори.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика пратеникот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Значи, заменикот министер иако се јави, сепак ништо не одговори. Не знам заошто се јави? Да ни каже дека ако е навреден нема да ни одговара. Јас не го навредив со ниту една дискусија. Кажавме аргументи зошто се сомневаме дека овој член носи можности за злоупотреба. И баравме одговор што планирал заменикот министер, или Владата како предлагачи со овој член? Дали отвораат простор до 20 илјади евра да се решава со три понуди? Тоа го немало во ниеден закон. Повикувањето на законите од Европската унија, усогласување, транспонирање на директиви, во ред. Но, господине заменик министер, овој закон ќе се применува во Македонија. А знаеме како функционира досега системот за јавни набавки. И ако нема контрола има големи злоупотреби. Не знам зошто упорно кога немате аргументи се повикувате на Европската унија. Или за Бирото за јавни набавки самиот кажавте во вторникот дека секое национално законодавство само си решава каква улога ќе има Бирото за јавни набавки и колку ќе биде независно. Ниту за овој член во директивите не стои изрично дека баш вака мора да биде. Тоа е предлог на Владата каде што остава простор за злоупотреби, за привремени вработувања до 20 илјади евра со три понуди. А знаеме колку привремени вработувања имате во Владата. Ќе најдете 10 агенции по 20 илјади евра, тоа се огромна сума на пари. Затоа немојте нас да не навредувате со такви одговори, не сакам да одговорам. Не сме мали деца. Тука зборуваме за сериозни работи. Затоа ве молам не ве навредивме со ниту еден збор. Отворено да ни објасните и да ни кажете што сте планирале со овој член? Бидејќи очигледно е дека е контрадикторен.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика заменик министерот за финансии.

**Предраг Трпески:** Повторно ќе дадам одговор на прашањето да си ги погледнат член 20 и 21 од директивата на Европската унија, директива 18 од 2004 година, да си ја отворат кореспондентната табела страна 21, таму е објаснето член 17 став 1, член 17 став 2. Одговорот таму лежи. Сега да се провоцираме, тука да даваме одговори, ова е без потреба. Ова е само една провокација, маркетинг.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеник госпоѓа Верица Филипова.

**Верица Филипова:** Почитувани присутни, јасно е дека секоја арогантност е проследена со несакање за објаснување на проблемот. Со секоја

ароганција се задскрива сопствената немоќ. Не би сакала да ве навредувам господине заменик министер, меѓутоа самиот факт дека два пати се јавивте за дискусија и постојано повторувавте, прочитајте си ги членовите, се ќе ви биде јасно, покажува дека овде ништо не е јасно. Напротив, со овој член се е матно. Со оовј член се сака да се замати и да не е јасно и транспарентно склучувањето на договори и договорни услуги со вредност до 20 илади евра. Впрочем, и кореспондентните табели кои ги наведовте за овој член и Европската унија, ќе ви ги цитирам сега се вели: Член 17 став 1 е делумно усогласен. Член 17 став 2 повторно делумна усогласеност. Член 17 став 5 пак делумна усогласеност. Пак ли не знаеме да читаме добро господине заменик министер. А во образложенијата зошто е делумно усогалсен стои дека, јас би сакала и да прочитам заради македонската јавност, дека "постојните номотехнички практики во Република Македонија не дозволуваат постоење на анекси во законите што претставува непремостива пречка за целосно усогласување со директивите. Ова решение со донесувањето на уредбата од став 4 од истиот член ќе доведе до истиот резултат кој се предвидува со директивата. Во овој момент се чинеше дека е најсоодветното решение. Истото се однесува и на донесувањето на уредбата која ќе ги дефинира работите".

Впрочем нешто слично предлагавте и со измените и дополнувањата на Законот за јавни набавки. Две, три основни идеи провејуваа и во измените и дополнувањата на Законот за јавни набавки кој овде не помина заради инцидентите кои се случија во Собранието. Слично нешто и во законот се обидувате и во новиот текст на законот кој има ни помалку, ни повеќе, туку 240 члена основните три, четири идеи да ги протуркате. Демек сега со измените и дополнувањата било транспарентно, се гледало баш што се обидува Владата да направи, на кој начин се обидува Владата да го измени во своја корист Законот за јавни набавки, дајте сега вака во закон со 240 члена ќе протуркаме пак тоа што сакаме да мине. Ние сме овде да кажеме дека не треба да биде така, а вашето парламентарно мнозинство најверојатно ќе ви изгласа тоа што вие сакате да постигнете. Меѓутоа, македонската јавност мора да знае дека оваа Влада се залага за директно договарање на набавките до 20 илјади евра без тендер, без јавен оглас, туку во четири очи. Понатаму има и уште некои други слични членови со слични идеи. И немојте да се лутите што овде тоа јавно и гласно го кажуваме и немојте да не обвинувате дека не знаеме да читаме. Можеби не сакавте да го прочитаме тоа што сте го напишале.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе,

Еве, да го земам како невнимание на заменик министерот. Јас бидејќи сум го прочитал законот сега ќе укажам на тоа , или ќе докажам дека заменик министерот не сака да чуе што зборуваме, бидејќи она што го предлагате е контрадикторно.

Прво, ако одиме на европските директиви од страница 21, 2004/18 и на Советот од 31 март 2004 година, таму не пишува дека до 20 илјади евра е границата. Или пак таму се однесуваат на субјектите кои работат во секторите вода, енергетика, транспорт и за поштенски услуги. Во која директива пишува дека можете да ангажирате хотел во вредност од 19.999 евра по пат на три понуди. Која е таа европска директива што ви го дозволува тоа? Или да ангажирате стручњак како што ги имате ангажирано сега за компјутери за 19.999 евра со три понуди, која е таа европска директива?

Контрадикторноста во вашиот предлог во членот 17 се повикувате на членот 103. Веројатно треба да се повикате на членот 100. Членот 100 ги дефинира кои се спаѓаат во постапки со барање за прибирање на понуди. Членот 103 се однесува само евиденција на она што се прави. А членот 100 ги дефинира дали одредена услуга, дали одредена акција може да се направи во постапка со барање за прибирање на понуди. Значи, таму се дефинирани без објавување на оглас до 5 илјади евра, со објавување на оглас до 20 илјади евра во денарска противвредност, а за работи до 50 илјади евра кога проценетата вредност на јавни набавки на стоки и услуги е толку. Значи она што се дефинира дека набавката на стоки и услуги е до 20 илјади евра, дефинирањето дека се прави со прибирање на понуди во членот 100. Членот 103 вие што го наведувате вели: договорениот орган е должен да води евиденција на постапките со барање за прибирање на понуди, или став 2, договорениот орган доставува примерок во електронска форма од евиденцијата на постапките со барање за прибирање на понуди. Како тоа во членот 17 став 3 при доделување на договор за јавна набавка до 20 илјади евра се применува член 103. Ова ви е погрешно. Треба да стои член 100. Ама не можеме никако да се убедиме дека амандманите што ги даваме имаат некоја смисла и имаат прво да го подобрат текстот, да го корегираат она што е од брзање и во трка за да се стигнат роковите, ќе се промаши. И трето и најважно да спречиме некои активности. Јас мислам дека не постои невладина организација која се бори против корупцијата, или која се грижи за транспарентноста која ќе остане молчалива на ваквиот член од Владата. Значи, Владата сега може за правни услуги со три понуди да си одбере за 19.999 да части некој партиски експерт, може хотелот свој, или некој близок до партијата што го има да си собере понуда за 19.999 евра со три понуди. Може тоа да го направи со некој информатичар, може тоа да го направи со спортска сала, или тоа да го направи за некоја санитарна услуга, па за 19.999 евра можеби за Лилјана Поповска се мали пари, за многу граѓани не се мали пари. Како е тоа услуги за одржување и поправка, услуги за патен и воздушен транспорт, услуги за истражување и развој, услуги

за истражување на пазарот и истражување на јавното мислење. Ќе цветаат пијар агенциите што работат сега за Владата. Услуги за чистење на објекти, не знам дали стои тука за обезбедување со аларми на станот на премиерот ќе го најдам тоа некаде. Осигурителни, банкарски и инвестициски, телекомуникациски, информатички, сметководствени, ревизорски, рекламни, издавачки, печатарски и нормално на крај санитарни услуги. И сето тоа можете да го направите со три понуди за 19.999 евра и да мислите дека сте работеле океј. И нормално под политички притисок ќе го принудите директорот на Државниот завод за ревизија, да се повлече за да може да вметнете некој ала Здравев како што тоа се случи во МЕПСО и хармонично да терате понатаму и да мислите дека е тоа океј и дека граѓаните живеат подобро и дека тоа можете да го направите со 11 паралелни кампањи што се водат во овој момент во државата и да фрлате пари на телевизиите како ќе ви текне. Е тоа не може, или за тоа ќе алармира одговорно опозицијата. И СДСМ сака да укаже дека Владата со овој закон остава многу корупивни капиции. Ова е еден од најеклатантните примери каде што за 19.999 евра ќе си ги плаќа своите партиски спонзори од кампањата, или ќе врши изплата на услуги на луѓе кои што им помогнале. Па кампот на НСДП Млади, нормално ќе биде во военото одморалиште во Свети Стефан, или за 11 Октомври ќе прави прослава во АРМ нормално, бидејки со три понуди ќе го најде тоа најдобро да го направи. Затоа до сега 3 илјади евра беШе некоја граница за непосредни спогодби. Сега Владата си го зголемува тоа на 20 илјади евра. Ама и тоа еве, да не се прифати. Јас сметам дека членот 100 точно да стои овде, наместо членот 103. За жал, овој закон некогаш ќе биде донесен, но мислам ќе се отворат толку многу финансиски капиции што не ќе можеме да најдеме крај, затоа што овој закон е преконфузен во намерата да прикрие се она што го прават владините и државните органи.

**Иван Анастасовски:** Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам колегите пратеници кои се надвор од салата, да влезат, бидејќи ќе пристапиме на гласањето.

Би ги замолил службите да го утврдиме точниот број на пратеници присутни во моментов во салата.

(Службите го утврдуваат точниот број на пратеници).

Ги замолувам колегите пратеници да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник присутни во салата гласале 60, за гласале 8, двајца се воздржале од гласале, 50 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 за менување на став 2, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески :** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Овој амандман се однесува на утврдување на видовите на активности на градење што се предмет на договорот за јавна набавка на работи.

Во Предлог-законот е определено дека истите ги пропишува Владата. Ние предлагаме истите да ги пропишува Бирото за јавни набавки. Ова, на некој начин беше поврзано со претходниот амандман, кога баравме поголема независност на Бирото за јавни набавки, но амандманот не беше изгласан. Бидејќи сметаме дека Бирото за јавни набавки, како тело каде што се доставуваат и сите рекапитулари, и сите договори за јавни набавки, може многу покомпетентно, постручно да ги пропише овие работи. Но, бидејќи не помина претходниот амандман, апелирам до колегите истиот да го прифатат.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги замолувам пратениците кои сега излегоа од салата да се вратат, да гласаме.

Бидејќи во салата има 61 пратеник, ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, за гласале 7, нема воздржани, 52 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 19, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Бидејќи овој амандман, исто така, беше поврзан со претходниот амандман, во делот на услугите за кои што предлагавме сите услуги над 3000 евра да одат под јавни набавки, односно отворен или ограничен повик и не беше прифатен од страна на мнозинството, подобро е да стои овој член, па затоа амандманот го повлекувам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 27, за менување на став 2, пдонесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Повторно, за жал, заменикот министер за финансии, како претставник на Владата не не удостои со образложение зошто овој амандман не се прифаќа.

Амандманот се однесува на тоа како се донесува одлуката за јавна набавка.

Овде стои, во членот 1 од Предлогот за донесување закон дека за потребата од јавна набавка одлучува договорниот орган, што всушност не е точно прецизирано што значи во договорниот орган кој е надлежен. Има разни ситуации. Во јавните претпријатија, во најголем дел мислам дека одлука за јавна набавка носи управниот одбор. Додека во некои други претпријатија одлука може да носи и раководителот, односно директорот. Не гледам зошто овој амандман, напротив, придонесува за попрецизно определување на одговорноста околу носењето на одлуките за јавни набавки. Со нашиот предлог јасно се кажува дека за потребата од јавна набавка одлучува лицето, органот кој е надлежен да одлучува за распоредувањето и користењето на средствата на договорниот орган. Ништо посебно, ништо неприфатливо за Владата. Навистина не ми е јасно зошто повторно заменикот министер за финансии не го усвои амандманот.

Во ставот 2 се предлага дека кон одлуката е исто така потребно да се дополни дека со одлуката се утврдуваат и критериумие според што ќе се врши бодирањето на поднесените понуди.

Навистина, со овој амандман, само се допрецизираше текстот на законот и не ми е јасно, повторно, зошто Владата не го прифати овој амандман. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Почитуван потпретседател,

Пратеникот говореше за погрешен амандман. Сега сме амандман на член 27, став 2. Така што ова што го говореше е за наредниот амандман.

**Иван Анастасовски:** Да, така е. Затоа јас полега ги читам аманданите за да можете да ги следите во вашите архиви.

Се работи за членот 27 став 2, што се менува.

Ви благодарам почитуван заменик, повелете имате збор, претпоставувам дека и овој не се прифаќа. Вие за тоа мислевте.

Повелете колега Николов.

**Марјанчо Николов:** Се извинувам, бидејќи за членот 27 амандманот ми беше тргнат на страна и не го видов, а не го слушнав доволно вашето образложение.

За членот 27, ставот 2, прво, малку е нејасно на кој начин ќе се врши проценување на вредноста на договорите за јавни набавки, со оглед на тоа што сепак тоа е индивидуална работа на секој буџетски корисник, јавно претпријатие и други органи што подлежат на Законот за јавни набавки. Навистина е малку нејасно на кој начин ќе се врши ова проценување и по кои критериуми. Но, во случајот, ние предлагаме проценувањето на вредноста на договорите, начинот да го определува Бирото за јавни набавки, повторно, како тело во кое што директно се внесуваат сите документи што се однесуваат на јавните набавки. И договорите за јавни набавки и рекапитуларите за јавни набавки и барањата за непосредни спогодби. Сметаме дека може многу постручно да го определи начинот, отколку министерот за финансии. Веројатно овде се мислело дека Бирото за јавни набавки директно е одговорно пред Владата и министерот за финансии, па затоа и се предложило.

Но, во секој случај, сметам дека е добро да стои Бирото за јавни набавки, да биде тоа што ќе ги утврдува начините за проценување на вредноста на договорите за јавни набавки.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Амандманот предложен од пратениците Николов, Филипова и Цветковска од пратеничката група на СДС се обидува да постигне две цели или да задоволи две цели:

Прво, Барањето на Европската комисија и обврската што Владата на Република Македонија ја презела за поголема независност и институционално јакнење на Бирото за јавни набавки,

Второ, да се спречат активности кои, еве да кажам, само мирисаат на злоупотреба на службената положба што оваа Влада или овој министер веќе ги имаат направено.

Затоа, кога министерот за финансии, зошто Европската комисија го бара ова? Бара независност на Бирото за јавни набавки, тоа да

биде клучно во спроведувањето на јавните набавки,затоа што и Министерството за финансии, како еден од најголемите договорни органи што набавува работи, како едно од најбогатите министерства, прави набавки, а самото треба да ја проценува вредноста на договорот. Мислам дека тука ни треба институција што ќе биде различна од договорните органи, ни треба институција што ќе се грижи транспарентно и реално да се работи и ни треба независна институција што ќе се гради со текот на годините, во едно вистинско тело, браник во борбата или во спречувањето на корупцијата при јавните набавки. Затоа и Европската комисија, затоа и многу наши соседни земји се залагаат за независност на Бирото, за да се спречуваат вакви работи.

Имено, во членот 27, за кој што се однесува овој амандман, став 1 се вели дека договрниот орган не смее да врши делење на договор за јавна набавка на повеќе посебни договори со пониска вредност, ниту пак да користи методи за пресметување на проценетата вредност на договорите за добивање на пониска вредност од реалната проценета вредност на договорот, со цел да се избегне одредена постапка утврдена со овој закон.

Ќе наведам два примери што едниот Владата, другиот министерот за финансии ги направи.

Едно од најчестите прашања овде, во Собранието, кон министерот Славески беше “Кампањата за безготовинско плаќање” или спотот “Добра фризура”, во работен наслов. Таму, во соопштението на министерот за финансии разбравме или како одговор на пратеничко прашање беше кажано овде, во Собранието дека со еден тип на спогодба, односно со непосредна спогодба се отишло во изработка на спотот, а од купчето на МЕДИА БАИНГ, на купување минути на електронските медиуми оди емитувањето. Тоа е класична злоупотреба на службената положба, што не можеше по сегашниот Закон да се направи. Сега оставаме простор вредноста на набавката што ја прави министерот за финансии, проценката на вредноста да ја контролира министерот за финансии.

Мислам дека правно, уставно, ова го оставаме, правната неиздржаност ја оставам на страна. Политичката волја за борба против корупцијата паѓа и на овој член во овој закон. Тоа е првиот пример.

Вториот пример, масовната злоупотреба што се направи со неуспешниот, сега-засега проект, неуспешен бидејќи роковите што беа дадени од премиерот не се исполнија за 100 илјади компјутери. Од што требаше на 1 септември да бидат секаде, во сите основни училишта, самиот премиер на ТВ Гевгелија пред десетина дена кажа дека 30 илјади компјутери се во пристаништето во Солун, а 40 илјади компјутери доаѓаат.

Или пак изјавата на заменик премиерот Ставрески, поврзана со тој проект, дека дел од средствата ќе бидат покриени во Буџетот во 2008 година, што со Законот за јавни набавки е недозволиво од аспект на делењето и од аспект на необезбедени средства, со необезбедени средства да се распише јавна набавка.

Затоа, не за џабе директивата што е овде потполно усогласена, што тука немаме дилема, директивата 2004 /18 од страница 27, што е потполно усогласена, се обидува да ги спречи тие работи. Но, праксата на досегашното работење на сегашниот министер за финансии покажа дека тој го злоупотребил тоа што кампањата “Добра фризура” самиот си ја поделил. Еден дел да оди со непосредна спогодба, а другиот МЕДИЈА БАИН го доби со не знам која спогодба.

Затоа во овој момент Владата прави 11 кампањи паралелно, самата си бира на која телевизија колку пари ќе дава со емитување на различен број пати на спотот и со тоа први корупција или се обидува да прави корупција на медиумите. Не може медијабајнгот да биде различен дел од една кампања или не може тоа да се прави со непосредна спогодба со договарање за да се добијат поефтини секунди. Бидејќи Државниот ревизор тоа јасно го кажа како предупредување до политичките партии дека попустите што се добиваат од телевизиите до 50% се поклон и не се во согласност со законите. И за тоа имаме сите политички партии критики односно не ние, кон медиумите од страна на Државниот завод за ревизија. И затоа нема логика човекот што распишува тендер и самот да си прави проценка. Затоа со амандманот се бара начинот и проценување на вредноста на договорите да ги пропишува Бирото за јавни набавки. Ние јасно овие денови кажавме дека СДСМ кога ќе дојде на власт ќе ја спроведе ова барање или оваа директива или она што Владата на Република Македонија самата се обврзала со усогласување на правото со Европската унија, а тоа е да формира независна институција, Биро за јавни набавки која ќе биде надвор од ингеренциите на министерот за финансии, кое ќе го бираме овде каде што и за директорот ќе се договориме со две третини да биде човек во кој што ќе имаат доверба сите, кој ќе може да ја работи работата, каде што вработените во тоа Биро ќе бидат државни службеници кои нема да се плашат за постапките што ќе ги прават и ќе ги елиминираат политичките притисоци, само на тој начин можеме, прво да ги задоволиме критериумите од Европската комисија, од она сами што сме се обврзале и само така ќе можеме да се имплементираме политичката воља што ја користиме само за сликање пред билборди, дека се бориме против корупцијата. Затоа овој амандман оди во тој прилог се бори за контрола од институција која што не може самата да се контролира и треба да се, би апелира, да се подразмисли овој амандман да биде прифатен од парламентарното мнозинство. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам почитувани присутни.

Ова е уште еден амандман кој го поднесовме со цел да се намали можноста за корупција во јавните набавки со цел да се намалат ингеренциите да не биде еден одлучувач за јавна набавка, истиот тој одлучува за поделбата на јавна набавка, па претходно зборувавме за амандманот со кој се дозволуваше 20 илјади евра да се склучуваат со три понуди, па сега согласно овој член ќе може една набавка која вреди условно 120 илјади евра да се подели на 6 дела па 6 пати по 20 илјади евра со три понуди ќе си ги правиме на тој начин без никаков тендер, без никаков оглас, ќе си правите јавни набавки како ќе му текне на некој од Владата. Баш така. Баш така, бидејќи дури ги одземате и ингеренциите за проценување на поделба на вредноста на договорите за јавни набавки од Бирото за јавни набавки се пропишуваат односно одат кај министерот за финансии. Министерот за финансии да може да одлучува кои јавни набавки можат да бидат деливи. Еден пример да ви прочитам, кога се собираа понудите за јавни набавки за ремотот на РЕК Осломеј. Замислете еден ремонт, а се набавувале оделно делови, читам набавка за резервни делови за турбина првиот тендер, вториот тендер набавка на резерни делови за котел, третиот тендер набавка на резервни делови за допрема на јаглен, па набавки на материјали за котел турбина и допрема на јаглен повторно истото само сумарно, кој ќе одговара и кој понудувач Владата ќе се реши да го или ЕЛЕМ да го избере, тој ќе биде, па потоа петиот е изработка на резервни делови за котел и шестиот е набавка на резервни делови за сето тоа драги мои значи дека се бираат, се расчленуваат јавните набавки и ги бирате погодните партиски фирми место една квалитетна набавка која може да се контролира една договорна услуга на која може да се прави непречен надзор и да се контролира квалитетот на завршената работа и квалитетот на добавената опрема се дели на шест-седум дела како би можело да се заташка, забушоти дали се е испорачано, дали е се квалитетно направено. Е поради тоа, поради ваквиот повик РЕК Осломеј ремонтот траеше ни помалку ни повеќе туку 6 месеци и на крај кога заврши и кога се пушти по прв пат пробно централата испадна дека има вибрации на турбината. И се сеќавате какви перипетии во енергетскиот систем се случуваа на Република Македонија. И повторно ќе се случуваат затоа што информациите од таму кажуваат дека повторно се јавуваат тие вибрации на турбината или ќе чекаме да се распадне целата термоцентрала. Заради неозбилност, заради желба за прибирање на средствата на граѓаните во приватни џепови прилевајки. Не е поштено, не е чесно спрема нашиот народ. Поради тоа мислиме овој амандман со кој бараме не да биде неделива јавната набавка, туку да ингеренции врз деливоста на јавната набавка има Бирото за јавни набавки. Меѓутоа не сакате и покрај тоа што Бирото е под Министерството за финансии, директорот на Бирото за јавни набавки всушност непосреден раководител му е министерот за финансии не сакате да му ја дадете оваа ингеренција, се плашете да не случајно ви избега од контрола некаде и нешто. Убедена сум дека ако Владата не даде виза за овој амандман и владеачкото мнозинство нема да го изгласа, меѓутоа наша е како опозиција да забележиме дека не е точно да реагираме, а јавноста македонска ќе суди. Да не биде потоа набавките и договорите за адвокатски услуги на ЕЛЕМ и МЕПСО дека биле во вредност до 3 илјади евра, не ја гледам почитуваната колешка овдека чија фирма ги работеше тие адвокатски услуги, па 12 месеци по 3 илјади евра отидоа 50-60 илјади евра годишно без тендер. Овој амандман и овој член овозможува такво нешто. Значи, членот 27 во кој се вели дека договорниот орган не смее да врши делење на договор за јавна набавка, а па во ставот 2 дека начинот на проценување на вредноста на договорите за јавни набавки ги пропишува министерот за финансии значи токму тоа. Значи, почитувани колеги наше беше да интервенираме, ваше е да гласате онака како што мислите дека е исправно. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат ќе пристапиме кон гласањето.

Ги замолувам службите да го утврдат точниот број на присутни патеници.

Бидејќи во салата има 61 пратеник амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласле 59 пратеници, за гласале 10, еден воздржан, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 28 за менување на став 1 и на став 2, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелте.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандман не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат ќе пристапиме кон гласањето.

Почитувани колеги, бидејќи во салата има 61 пратеник амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник, во салата гласале 58, за гласале 10, воздржани нема, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отоврам претрес по амандманот на член 32 став 2 за менување на алинеа 3, поднесен од патениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелте.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандман не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Во тој случај колеги пратеници денеска завршуваме со работа. Утре продолжуваме во 11,00 часот. Меѓутоа сум известен дека утрешната седница ќе трае до 14,00 часот. Тоа е за ваша информација.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)